СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Триесеттата  и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 јануари 1996 година

Скопје, јануари 1996 година

**35 -та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,ОДРЖАНА НА 17.1. 1996 год.**


Дискутанти:

1. Андов Стојан - 1, 4, 83..
2. Ајдарага Газменд - 43, 45.
3. Абди Фаик – 76
4. Алиу Ештреф - 111, 115
5. Биљали Мерсел – 12
6. Беличев Љупчо - 24
7. Гошев Туше - 4, 11
8. Даневски Слободан - 55, 56
9. Димов Лазар - 73
10  Зибери Насер - 15, 19
11. Крстевски Зоран - 3, 37
12. Коцевски Аце – 78
13. Јанкуловски Живко - 128
14. Лазаров Јован - 124
15. Минов Панчо - 19, 62, 64
16. Михајловски Бранирод - 132
17. Николов Јован - 88
18. Поповски Владо - 28
19. Поповски Никола - 147, 149
20. Рамадани Хисен - 14, 57
21. Стојковски Здравко- 129, 131
22. Соколовски Владимир 102, 103, 110
23. Станковски Владимир - 68
24. Стојановски Томислав - 119, 120
25. Таири Мевљан -59
26. Темелковски Зоре - 99, 100,1 25
27. Трпеновски Димитар- 105, 107
28. Тантаров Вељо - 136, 137, 140
29. Чадиковски Љубомир - 109
30. Чифлиганец Ванчо -141
31. Шапуриќ Зоран - 33, 51,  92, 94, 96
32. Шундовски Јорго - 46, 85, 86, 87, 88, 89, 90, 91, 92, 93, 95, 96.

Дневен ред: стр. 2

1. Пред.на З.за народ. Правобранител се Усвои Нацртот пред ,е одложен. - стр.3
2. Пред.на З. за простор.и урбанист. планирање - стр.45
3. Предл. за дон. на З. за данок на промет на приз.и усл. - стр.97
4. Пред, за дон. на З. за Ратиф. на Догов. меѓу Вл.на РМ и В.на РХ. за ветеринарна сораб. - стр.101
5. Пред за дон.на З.за Авторско право-стр. 102
6. Пред.за дон. на З. за царинска тарифа ( З.не е изгласан) - стр.119


ПРОДОЛЖУВА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Триесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 јануари 1996 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, (сала број 1), со почеток во 11,35 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Триесет и петата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Руфи Османи, Марјан Начевски, Илија Гоцевски, Ферид Мусовски, Димитар Поповски и Наум Симјановски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: претседателот на Република Македонија, господин Киро Глигоров.

Ова е прв пат да го поканиме на седница после извршениот атентат и ова е знак дека тој се врати да си ги извршува сите свои функции. Ние тој факт го поздравуваме. (Аплауз).

Претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и претседателот на Републичкиот судски совет.

Пратеникот Руфи Османи ги повлече од оваа седница Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за сметководства, со Предлог на закон, Предлогот за донесување на законот за изменување

на Законот за водите, со Предлог на закон и Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за данок од добивка, со Предлог на закон.

Пратеникот Кире Видимче ги повлекува Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за данокот од добивка со Предлог на закон и Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за персоналниот данок од доход со Предлог на закон поради потребата од подобрување на текстот произлезена од сугестиите изнесени во комисиската расправа.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на закон на народниот правобранител,
2. Предлог на закон за просторно и урбанистичко планирање,
3. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на промет на производи и услуги, со Предлог на закон,
4. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска за ветеринарна соработка, со Предлог на закон,
5. Предлог за донесување на закон за авторското право и сродните права,
6. Предлог за донесување на закон за царинска тарифа,
7. Предлог за разрешување на судија на Окружниот стопански суд во Скопје.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред? (Нема).

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака?

(71 пратеник).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Заради тоа што по службена должност повеќе членови на Владата се надвор од земјата, предлагам пратенички прашања на оваа седница да немаме туку на седницата што ќе се одржи на 24 јануари.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (62 пратеници) .

Дали е некој против? (2)

Дали некој е воздржан? (1)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Минуваме на **точка 1** - Предлог на закон за народниот право бранител.

Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, би сакал да дадеме една иницијатива во врска со овој мој закон кое мислам ни беше сугерирано и мислам дека е умесно во овој момент бидејќи решава повеќе прашања. Тоа е предлог законот да го гледаме во форма на нацрт закон. Причините се повеќе, а основната е онаа која и јас чувствувам потреба на база на расправата која е водена по комисиите иницијативите како да се догради законот по поодделни овластувања на народниот правобранител да го догради текстот на законот. Очекувам во

таа смисла посебен придонес да даде расправата и претставникот на Владата на Република Македонија заради подобрување на текстот на законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ви укажувам дека по заклучок на Собрание се одлучува да се гледа како нацрт.

Молам, кој е за предлогот што го изнесе Крстевски да крене рака. (73 пратеници)

Дали некој е против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека овој предлог е усвоен.

Отворам расправа по Нацртот на закон за народниот правобранител.

Кој бара збор?

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, веќе подолго време го гледаме тој законски проект и согласно на членот 7 од уставниот закон каде ни беше дадено за право да во рок од 6 месеци од донесувањето на Уставот на Република Македонија.

Согласно на членот 7 од Уставниот закон каде Собранието зеде обврска да ги донесе системските закони со кои дефакто ќе го операционализира Уставот, или ќе го изгради тој систем за кој ние се определивме покрај другите закони кои беа донесени во постапка и овој отпочнат уште 1993 година од старото собрание се уште не сме го исполниле условот на Уставниот закон каде што требаше во рок од шест месеци од донесувањето на Уставот да го донесеме и тој системски

закон. Поаѓајќи и од самата постапка и од расправата на тој законски проект сметам дека со тој закон во суштина ќе се институционализира еден нов орган во нашиот правен систем кој ќе има посебно значење, бидејќи ако нашиот устав е устав на слободата и дека две третини од одредбите на Уставот значат операционализација, или гарантирање на слободите и правата на граѓаните и тој орган институционализиран во нашиот правен систем ќе значи во таа насока на заштита на слободите и правата. Сега бидејќи Собранието прифати да расправаме ние по Нацрт на закон, јас и во општа расправа и по самиот текст ќе ги кажам моите забелешки по понудениот текст на самиот закон. Бидејќи во нашиот правен систем немаме востановено таков орган, за прв пат го воведуваме и поаѓајќи од тој факт предлагачот на тој закон се потрудил навистина да состави еден закон и не бирајќи оригинален модел, туку бирајќи со компилација на решенија да состави еден оригинален модел кој во суштина ќе го прилагоди на нашиот правен систем за да може тој орган да профункционира и кај нас. Но, поаѓајќи од самото тоа што е составено во самиот законски проект јас имам коментари и забелешки и по членовите и по самиот акт како е тој составен. Почнувајќи од членот 1 каде што кажува дека со овој закон се уредуваат надлежноста, начинот, работењето и условите за избор и разрешување на народниот правобранител тој ја менува номотехниката на членот 77 став 2 од Уставот каде прифаќа друг редослед на надлежностите, туку како ги утврдува уставот и развивајќи го самиот законски проект по членот 1 не го почитува тој редослед како што го утврдил во членот 1 и си прифатил подруга систематика на развивањето на самиот законски проект што сметам дека е една погрешна номотехничка знанственост за составување на еден законски проект затоа што систематиката на

законот ја ствара н хармонијата и коегсистентноста на одредбите кои подоцна ќе следат развивајќи ги сите посебно и заедно во една логична целина.

Членот 2, разгледувајќи го членот 2 мора да констатираме дека е препишан членот 77 став 2 од Уставот на Република Македонија што тој член во Законот не може да стои затоа што вака препишан членот 2 значи утврдување на делокруг на надлежност на народниот правобранител, а не значи утврдување на надлежноста на јавниот правобранител и вие ако го погледнете членот 77 последниот став кажува со закон што треба да се уреди. Значи делокругот на работа е уставна материја, а утврдвуање на надлежноста е законската материја. Тоа значи дека тој круг кој го утврдил Уставот треба законот да го разграничи, да го систематизира, дефакто да ја дефинира надлежноста на самиот народен правобранител.

Членот 3 според мене е една голема грешка направена, еден голем превид и против уставен на членот 77 каде што во ставот 1 кажува дека народниот правобранител е независен и самостоен орган во вршењето на функцијата, а во ставот 3 кажува дека народниот правобранител за својата работа е одговорен пред Собранието на Република Македонија. Јас веднаш логички го поставувам прашањето која е консеквенцата која Собранието може да му ја изрече на народниот правобранител и вие ако го развивате законот во подоцнежните одредби кои ќе ги имаме, Собранието нема никаква дефакто ингеренција за да ја контролира неговата работа и да му изрече соодветна санкција. Сметам дека и вака контрадикторно напишан член во ставот 1 ако е независен и самостоен тој не може да биде одговорен на Собранието.

Понатаму развивајќи го законот е препишан начинот на избор и сега се отвора една дискусија за неговата стручна подготовка каква треба да има дали треба да има положен правосуден испит, како треба да биде неговото искуство и тн. Тука да се искористат сите сознанија кои ги има целокупниот правен систем во врска со вршењето на таа функција. Голема грешка е направена во членот 88 која е спротивна на членот 77 од Уставот каде на народниот правобранител му се дава право на имунитет, а тоа значи дека законот ти дава за право да утврдува на носители на вршители на јавни функции и имунитет што е спротивно на Уставот на Република Македонија, бидејќи само со уставот може да се каже кои вршители на јавни функции имаат имунитет во Република Македонија и ако законот почне да утврдува имунитет на одредени носители на јавни функции тоа ќе значи рушење на самиот уставен систем во Република Македонија.

Во членот 9 народниот правобранител му престанува функцијата, што реков за консеквенцата веќе тука вие можете да ја видите контрадикторноста на самите членови во развивањето на самиот закон дека тој е одговорен пред Собранието, а Собранието не може да му изрече никаква санкција или никаква консеквенца на народниот правобранител.

Понатаму, во членот 11 каде што на народниот правобранител се утврдува неговата функција и дека превзема дејствија, ако се каже веќе дека презема дејствија мора да се каже кои се тие дејствија во врска со заштита на правната држава. Основна слабост на тој закон е што нема постапка како треба да постапува народниот правобранител и во спроведувањето на таа формална постапка да се штити законитоста и уставноста во земјата. Ако тој употребува термин превзема дејствија, кои се тие дејствија? Да ги наброи. Ако вели дека вложува вонредни правни

средства за да некој тука фактички влегуваме во сите процесни закони кои ги имаме, а тоа е процесната постапка, вонпроцесната постапка, кривичната постапка, управната. постапка и тн, а во законот тоа никаде не е регулирано и е голема грешка да некој не учествувајќи во жалбената постапка може да поднесува вонредни правни лекови, а тоа е нонсенс, недопуштено во правото. Еден голем превид на последниот став на истиот член каде што се кажува дека народниот правобранител се грижи за законитоста во работата и доследното спроведување на прописите на органите на државната управа што е спротивно на членот 77 став 2, народниот правобранител не ја следи законитоста и уставноста на работењето на државните органи, туку тој ги штити правата, повредите кои ги имаат граѓаните нанесено од органите на државната управа што е една голема грешка и мислам дека е тоа надвор од членот 77 став 2. Бидејќи немаме утврдено постапка на постапување на народниот правобранител и илузорно е сега тука да му утврдуваме рокови во земање на тие претставки кои ќе бидат поднесени за него, тоа е и основна слабост реков на законот и кога ќе се состави сега како предлог на закон треба да се утврди таа постапка.

Во членот 16 каде што се кажува дефакто која е неговата надлежност во ставот 1 да ја испита содржината. Не кажува како ќе ја испита содржината, која е методата на постапување, кои се дејствијата кои ги превзема, која е формалната процедура на утврдување на фактичката и материјалната вистина. Оттука, стои таа слабост дека Законот не ја поседува таа постапка.

Ставот 2 да укаже на правните средства кои му стојат на располагање на лицето подносител на претставката. Тоа е работа на адвокатурата и согласно на уставните одредби на адвокатурата како

самостојна и независна јавна служба таа врши правна помош и ги упатува странките кои правни средства и каде треба да постапуваат во правниот систем. Да го достави предметот до надлежниот орган и тоа не може бидејќи тоа во ниедна процесна постапка не е утврдено и тоа не е основната функција на народниот правобранител да некоја жалба ако биде поднесена на второстепено решение, а тоа е да проправа на надлежниот орган кој треба мериторно да ја решава.

И еден голем превид, еден нелогичен превид вика, да го отфрли предметот без испитувања. Ве молам, тоа значи дека му даваме дискреционо право на народниот правобранител без формална постапка на испитување на претставката поднесена да стои: може да ги отфрли сите претставки без да ги гледа, или без да ги проследува.

Членот 17 каде си зима во ставот 1 без да имаме утврдено постапка зима за право да народниот правобранител сослушува надлежни службени лица кои вршат одредени функции во органите на управата. Мислам дека е недопуштено, недозволено така да биде уредено со самиот закон. Подоцна во ставот 2 каде што кажува дека треба јавниот обвинител да му дава информации до каде е постапката, каква е правната квалификација на повредата, како се води постапката мислам дека тоа е спротивно на Уставот, дека јавниот обвинител е самостоен орган во правниот систем кај нас. Исто во таа конотација и членот 18.

Во членот 19 е направена една огромна грешка каде што кажува дека може да поднесе правно средство за покренување управен спор, а тоа е тужбата, или пак може да покренува правни средства за поведување на спорови пред надлежните судови, а во исто време во ставот 7 да кажува дека, да присуствува на расправите во управни и

судски спор без право да учествува како странка. Тоа е нонсенс бидејќи таму во тие предлози кои треба да ги образложи, да ги каже, да направи правна конструкција, да ја утврди фактичката состојба да предложи практична примена на материјалното право и тн.

Во членот 22 мислам дека е крајно спротивен на Уставот и без право му дал на Законот да ограничува, да прави разлики помеѓу државни органи. Не знам од каде тоа овластував>е да од областа на одбраната и вооружените сили да не може народниот правобранител да ги цени нивните акции за повреда на слободите и правата на граѓанинот. Тоа е спротивно на членот 77 став 2 од Уставот на Република Македонија каде користејќи ја уставот техниката на тотал, или глобал не направил разграничување, или иземање на тие органи да не може народниот правобранител да постапува и нема никакво уставно право да законот тоа правно овластување на јавниот правобранител му го ограничи.

**ТУШЕ ГОШЕВ:(**продолжение)

Понатаму, во членот 25 каде што е употребен терминот "за повисок степен на загрозеност на уставните и законските права на граѓаните ...", таков термин во нашиот правен систем на е познат и не може така да стои.

Во завршните одредби, каде што почесто се употребува "општи акти", кај нас повеќе немаме општи акти, ние имаме колективни годогори и прописи, закони и Устав и по таа дикција да се избришат сите тие изрази употребени, кои веќе немаат уставен кредибилитет да стојат во законите.

На крај, сакам да кажам дека за да се донесе еден ваков системски закон во РМ треба да се организира една експертска група, бидејќи со донесувањето на тој закон ќе се мултиципираат односите не само во воспоставувањето на самиот орган, туку во хоризонтална колизија између сите позитивни законски прописи, почнувајќи од процесните одредби, па во сите институции кои ќе донесуваат и мериторни одлуки.

Вака гледан законот со него може да се постигнат само две цели, а тоа е да биде избран народниот правобранител и да го претвориме во орган на претставки и поплаки.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Харуни.

(се откажувам).

Се откажува.

Има збор г-дин Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Дами и господа,сметам дека е добро што се предлага ваков закон, мислам само на намерата. Реално, во повеќе демократски земји се конституираат и се развиваат разни форми и облици на контрола врз државната власт односно државната управа. Еден од таквите облици и форми е и народниот правобранител како невладин стручен и авторитативен орган кој ќе се грижи, претпоставува дека ќе се грижи за заштитата на човековите права исклучиво од повреди сторени од органите на управата односно државната управа, или организациите кои вршат јавни овластувања. Меѓутоа, без оглед на добрата намера на предлагачот да се предложи таков закон сметам дека предлогот има доста недостатоци, контрадикторности и измешување на надлежности со другите државни институции.

Потоа, само како пример може да послужи, формулациите каде на многу јасен начин се измешани надлежностите со компетенциите на Уставниот суд. А и во членовите 17 и 19 каде се настојува таксативно да се набројува што може да стори оваа институција не постојат никакви рокови кои ќе определат вршење дејствија од оваа институција.

Второ, што сакам да кажам, во Уставот стои децидно дека оваа институција односно народниот правобранител се избира од страна на Собранието на РМ, без тоа кој ја предлага оваа институција. Затоа сметам дека тука треба да се внимава.

Јасно е дека неспоиво е Влада да предлага такво нешто, уште помалку Парламентарното мнозинство, едноставно од причина што таа е поврзана со Владата, барем во наши услови и сметам дека тука треба да се следи една практика која постои во повеќе земји во врска со изборот и разрешувањето на оваа институција, која е поврзана со некоја друга институција или авторитет кој има или кој има лигитимитетот на сите граѓани. Имено, по мое мислење изборот и разрешувањето на народниот

правобранител треба да биде по предлог на претседателот на Републиката,, барем во преодниот период додека да созрее демократската свест. Таква свест веројатно не може да се очекува дека толку брзо ќе созрее. Тоа од причина што народниот правобранител како важна невладина институција ќе се погрижи за една доста чувствителна област. За кршење и повреди на човекови права од државни органи, од државната управа и организации кои вршат јавни овластувања. Такви кршења ние сме имале, а има и сега, веројатно ќе има и понатаму особено во фаза на транзиција кога реално, мора да признаеме, нема доволно ефикасна администрација, немаме и доволно одговорна администрација, а немаме ни доволно функционална администрација. Напротив може да се каже дека дури имаме арогантна администрација и не верувам дека некој има аргументи да го оспори ова. Значи, на тој орган при вакви услови ќе му треба една силна морална и политичка поддршка за да функционира. Поинаку тој ќе служи само како политичка фасада и како политички декор дека сепак имаме демократски односи. Ние на жалост, мора да се сложиме дека парламентарното мнозинство покажува послушност кон Владата.. Па тоа значи дека мора по некој автоматизам да биде послушен и народниот правобранител бидејќи тоа е резултат на парламентарното мнозинство. Јас сметам дека ако тој евентуално покажува некоја грубост кон државната управа каде ќе се задираат нечии интереси верувам дека ќе се постави прашање за неговата одговорност. Секако ние уште долго време нема да имаме реално одвојување на законодавната од извршната власт, и оттука произлегува дека оваа институција ако не се поврати и од една друга институција која има поширок легитимитет од граѓаните, како морална и политичка поддршка фактички ние и нема да имаме народен правобранител. Тоа се е во интерес на граѓаните, па други и во интерес на државата, секако во смисла на ефикасност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој друг бара збор?

Има збор г-динот Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Прво, мислам дека е добро што се одлучивме за тоа да оди во две фази овој закон, затоа што и оваа расправа покажува дека има уште што да се работи и ќе биде во корист на регулирање на оваа материја во наредниот текст.

Второ, сакам да го истакна следното. Во оваа област постојат две можни решенија во светот мошне познати. Тоа е таканаречена абдусманска регулација на оваа област, на заштита на граѓаните пред органите на управата и процесот на жалби и поплаки, што ние го имавме досега во органите на Собранијата на општествено политичките заедници, како што ги викавме, кои што имаа задача поплаките и жалбите на граѓаните пред органите на управата да ги стават на разгледување односно за заштита.

Јас мислам дека законодавецот, односно предлагачот на законот добро постапил што го задржал духот на Уставот, односно членот 77 на Уставот, за кој сите овде зборуваат. Меѓутоа, во делот кој што значи заштита на граѓаните од повредите што ги прават државните органи, дали во тој процес правобранителот не е истовремено во двојна функција - и во заштита на правата на граѓанинот и во надгледување или грижата за тоа како работат органите на државната управа. Тоа е работа за која ние можеме академски да расправаме. Можеме да сметаме дека не е во согласност со Уставот, ако таква одредба стои во законот и дека е во согласност со Уставот ако Уставот се толкува така дека основна цел му е заштита на граѓанинот од повредите што му ги прават државните

органи, а државните органи мора за тоа да не прават такви повреди од некого да бидат надгледани. Според тоа мислам дека и заради ова е добро, затоа што таа противречност за која што се зборуваше помеѓу членот 2 и членот 11 дефакто произлегува од ова меѓусебно каузално поврзана функција која што објективно му е на некој начин иманентна на оваа задача на правобранителот во тие две релации. Значи, едновремено штитејќи ги правата на граѓаните воедно врши и некој увид во законитоста на работата на државните органи, па според тоа и на нив паралелно со укажување на решението на интересите на граѓаните укажува и на грешките на тие органи.

Второ, за што сакав да се заложев овде и дека е добро што ја одложивме оваа процедура е и затоа што мислам дека членовите 16 до 19 можат да се конвензираат во смисла на процедура и постапката и овластувањата на самиот правобранител за да ти ене се мешаат и не станат неконтабилни во врска со некои други решенија и во врска со Уставниот суд и другите органи на Републиката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господо,

Јас искрено да ви кажам се надевам дека денес конечно ќе го усвоиме Законот за народниот правобранител од повеќе причини, но секако и од причина што овој закон во собраниска постапка е повеќе од две односно три години.

Јас лично сметам дека имавме доволно време да ги надминеме сите несогласувања околу содржината на Законот и денес конечно ќе го изгласаме. Не ги знам мотивите на предлагачот зошто се заложи за

враќање на Законот во фаза на Нацрт, но несфатливо ми е однесувањето на пратениците зошто кренавме така лесно рака за да законот се врати. Го кажувам тоа од причина што погледајте ги извештаите на комисиите надлежно по оваа област, како се имаат изјаснето. Комисијата за внатрешна политика и одбрана вели: "Комисијата заклучи да му предложи на Собранието на Република Македонија да го разгледа и донесе Законот за народниот правобранител при што да ги има предвид амандманите изнесени во овој извештај".

Комисијата за политички систем заклучува: "да му предложи на Собранието на Република Македонија да го разгледа и донесе Законот за народниот правобранител, при што да се има предвид амандманите содржани во овој Извештај".

Сличен е и Извештајот на ЗПК. Се прашувам. Дали не бевме искрени при изјаснувањето во Собраниските комисии, или пак сега правиме нешто друго. Доколку имавме несогласување околу содржината тоа требаше да го кажеме на комисиската расправа односно да не се изјасниме за Законот. Но, добро и тоа се случува, но по секој случај ова не е добра пракса и не мислам дека треба и во иднина да се практикува. А, вие видовте немаше ниеден пратеник при изјаснувањето сега против или воздржан околу ставот да се врати Законот.

Што се однесува до конкретната содржина на законот, јас лично мислам дека е добро одмислен Институтот омбудсман, односно народен правобранител и тој како институција за прв пат се воведува со Уставот од 1991 година, чија содржина односно основање за надлежност, начин за избор е регулирано со член 77 од Уставот на РМ.

Ваква институција во РМ не довстасува и мислам дека воведувањето на ваквата институција сигурно ќе придонесе во подобрување на квалитетот на заштита на човековите права и граѓанските слободи.

Законот кој ни е понуден сега во фаза на Нацрт во својата содржина ги содржи искуствата од повеќе земји, кои се далеку поискусни и поефикасни во овој поглед, пред се Скандинавските земји (Шведска, Данска, Финска итн.) веројатно во Законот има и недостатоци, но тоа треба ние како пратеници, со наши конкретни предлози во вид на амандмани да му помогнеме на предлагачот истиот да се подобри.

Некои работи се лимитирани со Уставот односно содржината на член 77. Во прв ред прашањето на надлежноста на народниот правобранител каде што ставот 2 од членот 77 е доста лимитиран и надлежноста на јавниот правобранител се однесува само на органите на државната управа и други јавни организации кои вршат јавни овластувања. Според праксата во другите земји надлежноста на Јавниот правобранител е многу поширока и таа се однесува и на законодавната и на извршната и на судската власт. Со оглед на тоа што Уставот нас не лимитира во тој поглед, веројатно и предлагачот не можел понатаму да оди во смисла на надлежностите на Јавниот правобранител.

Лично сметам и сум убеден дека во законските решенија треба да има норма околу начинот на избор и постапката на избор покрај решенијата кои ги имаме во Уставот, односно член 77 став 3.

Од она што имав од прилика да читаме како искуство од другите земји при избор на народниот правобранител се бара еден широк консензус на политичките партии односно пратеничките групи застапени во Собранието, доколку народниот правобранител се разбира го избира Собранието на државата. Во тој поглед сметам дека треба да има решение во Законот, да по однос на предлогот за народен правобранител да се постигне еден политички консензус меѓу пратеничките групи по однос на лицето кое се предлага. Тоа во секој случај нема да се коси со законските решенија по однос на начинот на

изјаснување на пратениците во Собранието, туку ќе биде еден модус како треба да се избира народниот правобранител, зашто самата суштина на вршење на дејноста на јавниот правобранител бара еден широк консензус не само меѓу политичките партии, туку и во широките партиски слоеви, односно народните маси.

Што се однесува до забелешката која беше искажана и од страна на пратеникот Туше Гошев во однос на содржината на членот 19 став 1 точка 3 и точка 7 јас не мислам дека е направена некоја грешка, зашто се работи за две различни ситуации кои се јавува пред органите на судската власт народниот правобранител.

Според точка 3 тој е сам предлагач односно странка во спорот додека во точката 7 тој не е во својство на странка, туку само како набљудувач. И во таква ситуација тој консеквентно не ги повлекува и позициите кои може да ги има во првата ситуација народниот правобранител.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:** (ПР0ДОЛЖЕНИЕ)

Можеби се работи само за допрецизирање на точката 7, да се нагласи дека во овој случај народниот правобранител при судските спорови учествува во случаите кога тој не е предлагач, односно поднесувач на иницијативата. Веројатно, има и други забелешки, поголеми или помали, но лично сметав дека законот денеска конечно ќе се усвои, конечно ќе се воведе една ваква важна институција и очекувам Владата подоцна да предложи измени во Буџетот, каде што ќе беа обезбедени средства и конечно најдоцна во рок од три месеци народниот правобранител ќе почнеше да функционира.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, поздравувајќи ги напорите и стручните ангажирања на предлагачот, пратеникот Зоран Крстевски за изготвување на овој Предлог на закон, оценка е дека истиот имал за цел, пред се, да постигне две цели и тоа на граѓаните да им го обезбеди институтот народен пратеник во функција на заштитата на нивните права и интереси од државните органи и другите органи што вршат јавно овластување, а во исто време конципирајќи го овој закон да ги има предвид, како што стои во образложението консултациите и мислењата на стручните институции од Советот на Европа и од Обединетите Нации, како и од Комитетот за заштита на човековите права и слободи, во делот на компаративните искуства од функционирањето на овој институт до развиените западни парламентарни системи.

Првата цел што, всушност, значи операционализација на членот 87 од Уставот е постигната со изготвување и поднесување во собраниска процедура на овој закон, исто така кажано е во образложението дека во концепцијата на законот се содржани и сите позитивни, компаративни искуства од функционирањето на овој институт во развиените западни парламентарни држави. Овој закон дава уредување на односите по прашањето на надлежностите, начинот на работата и изборот, разрешувањето и одговорноста на народниот правобранител.

Основно прашање е дали содржината на овој закон и во таа концепција и содржината на законот се постигнува целта што е уставно овластување на народниот правобранител да ги заштитува правата и слободите на граѓаните од државните органи и другите организации кои што вршат јавно овластување.

Оваа концепција и оваа содржина на законот во суштина ја постигнува таа цел, односно со утврдувањето на изборот, одговорноста и разрешувањето на народниот правобранител при утврдувањето на начинот на неговата работа и, пред се, со неговите надлежности што се регулирани во членовите од Предлог-законот, се гарантира и обезбедува од институтот народен правобранител она што е и уставна обврска за граѓаните, заштита на нивните права и слобода од државните органи. Врз база на таа констатација треба да се тргне во сите други дискусии и оценување на овој закон. Дали тој ја постигнува таа цел. Коментирајќи со некои претходно искажани дискусии, за мене, на пример, самосталноста и независноста на институтот народен правобранител баш се обезбедува со неговата одговорност пред Собранието на Република Македонија.

Се согласувам дека во постапката за избор и разрешување би следувало доразработување и дефинирање на одредбите, што впрочем за кои и се согласи предлагачот. Но, повикувањето дека се загрозува самосталноста и независноста во работењето на народниот правобранител со тоа што тој да одговара пред Собранието на Републиката, мислам дека се неосновани и беспредмети баш спротивно таквата одговорност на народниот правобранител баш ја потврдува и ја гарантира неговата самосталност и независност во работењето, како што и во кој прилог се впрочем и условите за да се биде биран за народен правобранител во смисла на неговата стручна подготовка, работен стаж, на имунитетот, односно сигурно ќе се сложиме дека е неминовен за да има самосталност и независност во неговата работа, а прашање е за оценување да беше потенцирано уставниот основ на институтот имунитет, односно права на имунитет во случајот на народен правобранител и неговата деполитизација, како што стои во законот. Сите овие одредби во законот ја гарантираа неговата самосталност и независност во работењето, вклучително и она што беше забелешка за тоа за својата работа да одговара пред Собранието.

Беше изнесена забелешка дека во членот 11 не се дефинирани кои се тие дејствија што како надлежност и овластување ги има народниот правобранител. Веќе во еден од наредните членови, основниот член за регулирање на надлежности на народниот правобранител децидирано се наброени сите дејствија што народниот правобранител како надлежности ги има. Значи, не држи и таа примедба дека не е конкретизирано кои дејствија како надлежност ги има народниот правобранител.

Исто така, забелешката дека вонредни правни средства се дава како овластување на народниот правобранител, а не е нон сенс и голема

грешка се повикува дека ако некој нема право да поднесува жалба, како може да поднесува вонредни правни средства. Пак ќе се вратам на првата основна констатација, треба да се тргнува од концепцијата дека овој закон и надлежностите што му се даваат на народниот правобранител треба да обезбедат и да гарантираат заштита на правата и слободите на граѓаните. Ако од таму се тргне, а тие заштита на права и слободи ќе се јават токму во инстанцата на кога е помината жалба, кога е помината тужба и кога ќе дојде ред со вонредни правни средства и по барање на загрозените граѓани на нивните права и слободи со вонредни правни средства се заштитуваат нивните права и слободи. Така што и таа забелешка мислам дека е добро решение за едно од основните овластувања на народниот правобранител да бидат и поднесувањето на вонредни правни средства.

За мене не е издржана ни забелешката, односно повикувањето на неуставност на ставот 2 од член 11, односно надлежноста на народниот правобранител да се грижи, потенцирам да се грижи за законитоста на работата на државните органи и организациите што вршат јавни овластувања.

Во членот 77, став 2 "надлежноста на народниот правобранител да ги заштитува слободите и правата на граѓаните од државните органи и организации што вршат јавни овластувања", како тоа уставно овластување може да се постигне ако тој во исто време нема една начелна одговорност и овластување да се грижи за законитоста на работењето на државните органи, што е превентива за да се постигне и целта за заштита на слободите и правата на граѓаните. Тоа е компаративно и се совпаѓа во неговата основна уставна надлежност за заштита. Заштитата на слободите и правата како уставна надлежност во

неа како овластување се совпаѓа и грижата за контрола на законитоста на работата на државните органи.

И она што е најклучен член, тоа е членот 19, мислам дека во истиот апсолутно се гарантира со овие надлежности постигнување на целта на народниот правобранител, навистина, и она што е уставна определба да се постигне заштита на правата и слободите на граѓаните, каде што се наведува "покрај превентивните надлежности за укажување, известувања на државните органи и организации што вршат јавни овластувања, покренување на сите видови на постапки, вклучувајќи ја управната, судската, кривичната, дисциплинската", една авторитетна улога да учествува во сите постапки како авторитет, како една брана, како една атмосфера во сите тие постапки со учеството без право на својство на странка, а не значи тоа без право на учество, без право на својство на странка, ете во сите тие постапки да биде еден авторитет што ќе дава атмосфера на правичност во тие постапки.

Понатаму, јас ќе ве потсетам во првите варијанти на законот имаше надлежност за констатираните неправилности, народниот правобранител на утврдените неправилности од работењето на одреден државен орган и организација што врши јавни овластувања имаше за право во тие варијанти од Предлогот на законот, да поднесува пред Собранието постапка за разрешување на односниот министер или раководно лице во тие органи што вршат јавно овластување, сегашната преформулација на тоа овластување, како и известување само до министерот за констатираните неправилности и до надлежноста да покренува постапка за оценка на уставноста и законитоста пред Уставниот суд и она што е компаративно со неговата врска со Собранието да иницира постапки за измени и дополнувања на закони и прописи што ги донесува Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Беличев.

**ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Моето мислење дека овој закон, односно со овој законски проект се предвидува една институција народен пратеник, која комплетно ќе ја заокружи целосната заштита на уставните ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се мисли на народен правобранител.

**ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ:**

Да, правобранител. На уставните и законските права на граѓаните, сигурен сум дека коинцидира и со вашите размислувања и од тие причини мислам дека е крајно време овој проект да биде донесен и усвоен, а со тоа да почне да функционира и оваа институција народен правобранител.

Добро е што предлагачот денес предложи да биде во две фази и како нацрт денес да расправаме, бидејќи по одделни работни тела имаше повеќе видувања, ставови и забелешки и амандмани во поглед на содржината на овој проект. Тоа е оправдано и мислам дека ова е една нова област, односно досега немаме таква институција и мислам дека квалитетот на содржината на предложеното со оглед како што реков на овој празен простор на една нова институција за нашата држава,но до одредени решенија кои нормално треба да претрпат одредени измени сигурно во оваа фаза сега, после овие дискусии како нацрт.

Јас би изнесол и одредени мои конкретни видувања, кои ги изнесов и во Комисијата за внатрешни работи и кои одредени од нив беа преземени и како амандмани, па сигурно предлагачот, работејќи на Предлогот на законот, можеби некои од овие искажувања овде ќе ги прифати. Сигурно во смисла на прифаќање и нудење на едни поквалитетни решенија кои се повеќе ќе ја нагласат независноста и самостојноста на функцијата на јавниот правобранител, бидејќи само тоа е сигурност и гаранција дека уставните и законските права на граѓаните ќе бидат заштитени.

Конкретно, членот 3, став 3, јас исто така се согласувам со одредени мислења изнесени овде дека народниот правобранител не треба да одговара пред Собранието. Мислам дека и предлагачот бил во дилема. Бидејќи во став 1 е ставено дека е независен и самостоен. Тоа е во ред, за да ја нагласи таа функција. Ако веќе во став 3 се негира, тогаш во член 9 каде секоја одговорност треба да се санкционира. Значи, во член 9 нема одговорност на народниот правобранител, бидејќи има само во два случаи. Кога сам си поднесува оставка и кога се разрешува и кога е осуден на кривично дело повеќе од пет години и поради крајна неспособност. Значи, ако има одговорност ставена во член 3 став 3, таа треба да се реперкутира и во правата за Собранието него да го разреши ако не ја врши квалитетно својата работа.

По однос на изборот не е квалитетно тоа прашање на чиј предлог стигнува предлогот за избор и именување пред Собранието на Републиката постојат повеќе варијанти и решенија. Едно е како што беше предложено во амандман овде не знам од кое работно тело тоа да биде на предлог на Комисијата на избори и именувања, сигурно преку објава, а друго размислување е кога јас сум повеќе приврзаник тоа да

биде на предлог на претседателот на државата, бидејќи тој е единствен легитимен претставник на народот на сите граѓани преку изборите е претседателот на државата. Можеби преку тоа уште повеќе ќе ја нагласиме самостојноста на народниот правобранител.

Понатаму, околу искуството, мислам ова прашање стои во законот тоа да биде 12 години, добро е што не е ставено посебно искуство, односно таму во струката или правосуден испит, бидејќи со тоа ќе се стеснат рамките за избор на лице кое квалитетно да ја врши оваа функција. Сепак, искуството мислам дека може да биде и помало, тоа е гледање на предлагачот. Можеби треба да се размислува околу изедначување со искуството на судиите во Уставниот суд, девет години.

Околу член 8 и отпаѓањето, бидејќи е неуставно, тоа го кажаа одредени дискутанти, иако јас лично мислам дека сепак нема уставна основа. Инаку, вреди да се размислува во евентуална измена на Уставот и при разгледување народниот правобранител да има имунитет. Со имунитетот уште повеќе таа независност, таа самостојност ќе биде нагласена и нема да биде личност која после неговото работење ќе има одредени последици како резултат на квалитетот во вршењето на својата функција. Ако имаат имунитет пратениците и одредени други носители на функции, мислам дека и народниот правобранител, бидејќи е тој кој треба да се бори за поголема заштита на уставните и законските права да има имунитет. Но, во овој момент со ова уредување во Уставот мислам дека овој член треба да отпадне.

Исто така, го делам мислењето дека тоа беше искажано на Комисијата дека член 22 треба да отпадне. Јас лично мислам дека нема област, па мислам дека и Уставот таква политика има предвидено, нема

област во која е дозволено незаконито и неуставно работење, па нека биде тоа и областа од одбраната, оружените сили или безбедноста. Таму до колку со одредени акти се загрозени правата на граѓанинот мислам дека треба да му се даде заштита на тие права. Со тоа не значи дека навлегува народниот правобранител во одредена област која треба да биде табу за него. Сечие неквалитетно работење на штета на правата на граѓаните, а ние кажавме дека тие ни се свети, барем во Уставот, треба да биде предмет на давање можност таа аномалија или тоа незаконито работење да биде отстрането.

И членот 25, оној извештај, покрај редовниот годишниот тоа може да биде како право на народниот правобранител доколку оцени дек аза одредени работи има потреба да се информира Собранието тоа да го направи. А Собранието дали ќе го гледа или преку доставување на пратениците тоа е работа на Собранието. Не мора тоа да биде во исклучителни случаи кога доаѓа до една масовна појава или поголем обем на загрозување на правата.

Информирањето, давањето информации од јавниот правобранител до Собранието да бидат оставени како право на правобранителот, а не само во исклучителни случаи, покрај годишниот извештај.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Добро е што оди во две.,фази и навистина треба законот за народниот правобранител да се доработи и забелешките што беа ставени се на место и тие аргументации што се изнесени во тие забелешки се доволна причина уште еднаш да се постапи по овој закон со поголема процедурална можност, а тој да се преуреди.

Јас само би повторил дека навистина овој текст има проблеми од стојалиште на систематиката која што најмногу се огледа во нејасното остварување на надлежностите, начинот на нивното остварување, процедурата, видот на средствата што може да ги користи, што се присушти на народниот правобранител, па дури и од појасното прецизирање на делокругот.

Втората слабост на законот е правниот израз кој што создава заблуди за тоа дали определени членови во делот на надлежностите го покажуваат овластувањето на народниот правобранител или полниот капацитет како овластен јавен функционер да превзема определени активности или пак определени надлежности му се даваат како можни надлежности, при што не може да се разграничи кога се тие можни, а кога не се можни.

Прашањето на утврдувањето на делокругот на надлежноста треба да биде попрецизно и да ги разработи уставните одредби во таа смисла особено да ги конкретизира областите каде што народниот правобранител, пред се ќе има свои надлежности. Се разбира, на прво место кога станува збор за пол,ето или делокругот на неговата надлежност сигурно е дека народниот правобранител ќе има најмногу работа во оние области каде што логични најмногу може да се очекува кршење на човековите слободи и права. На пример, во таа смисла веројатно Полицијата ќе биде една од областите која што ќе биде

постојано под интерес на народниот правобранител, веројатно што е типично за сите други земји дека затворите ќе бидат исто така поле кое што ќе биде од големо интересирање на народниот правобранител, па во таа насока во секој случај делокругот и полињата во рамките на она што Уставот им го дава како можност со членот 77 став 2 треба да бидат прецизирани законот за да направи исчекор или чекор повеќе.

Кога станува збор за видот на надлежностите на народниот правобранител или за концепцијата околу надлежностите, сметам дека треба да се направи една опширна стручна расправа за тоа кој е типичен вид на надлежностите на народниот правобранител затоа што она што може да биде подразбрано како надлежност на народниот правобранител според овој законски текст, може да се заклучи дека народниот правобранител практично ја преклопува својата надлежност со други органи на правниот систем во РМ. Една од најмногу истакнатите надлежности во членот 11 е практично преклопување на надлежноста на народниот правобранител со надлежноста на јавниот обвинител на РМ во делот кога станува збор покренување на вонредни правни лекови, после правосилна пресуда.

Во друг дел од концепцијата од овие надлежности, на пример во членот 19 точка 3 народниот правобранител се става односно добива активна легитимација или се става во улога на странка во спор бидејќи е стручен, тој е истакнат правник со правно искуство, што значи се става во улога на адвокат и на тој начин го преклопува тој институт кој што според нашиот правен поредок има многу јасно место.

Сметам дека таквиот начин односно определувањето на таквиот вид на надлежности не е вистинскиот правец на одредувањето на

надлежностите на народниот правобранител, мислам еден вид би сакал само накратко да го илустрирам ова што го кажав како теза:^ априори.

Да додадам само една информација. Дека во еден од членовите на овој закон се укажува дека сите постапки пред народниот правобранител се бесплатни. Тоа значи дека во делот кога заменува јавниот обвинител кој што во целокупната досегашна практика во просек некаде од 10-15% од поднесените барања за заштита на законитоста наоѓа дека има место за заштита на законитоста народниот правобранител напросто тој процент ќе го измести и ќе го претрупа судот и со барање на заштита на законитоста таму каде што овластен стручен и со системот местен орган јавниот правобранител ја има својата надлежност, на тој начин ќе го дезавуира јавниот правобранител и неговите надлежности и ќе го постави прашањето за рационалноста на надлежноста на јавниот правобранител во таа смисла.

Второ, самиот ќе се претрупа со предмети бидејќи секоја недоволна странка ќе сака до крај да оди во истерувањето на својот интерес или на својот поглед на неговите интереси, па се претпоставува теоретски дека секој предмет што ќе заврши правосилно недоволната странка ќе поведе вонреден правен лек преку народниот правобранител.

Кога станува за членот 19 точка 3 да може да се поднесува барање за поведување управен или судски спор, практично да ја земе улогата на адвокат, повторно со овој член дека е тоа бесплатно практично сите правни и теоретски може да се замисли сите правни спорови што ќе ги имаат граѓаните ќе ги упатат до народниот правобранител да покрене

судски или управен спор тогаш кога му се повредени неговите права во негово име, во својство на странка;. Тоа логички значи ак<5 е тоа надлежност законски призната за да може да го совлада целокупниот обем на таквата задача, тој ќе мора многу да расте или пак наеднаш да крахира, доколку се сведе на еден народен правобранител со три заменици, значи да не може да ја врши таа функција, па тогаш таа е нереално поставена, но ако се оди да се опреми персонално и технички на нивото на обемот на работата тоа со други зборови значи дека државата ќе формира паралелна адвокатска служба, на сметка на Буџетот, бесплатно. Ова исто така покажува дека овој начин, определувањето на надлежностите на народниот правобранител не е во ред. Затоа, прецизното утврдување на видот на надлежностите и начинот на нивното остварување со пропишување на процедура на самиот народен правобранител е празнина во овој текст и треба да се дополни.

Во таа насока да укажам дека веројатно ќе биде доста интересно односно интересен и можен вид на надлежност на јавниот правобранител кога ќе постапи во заштита на правата и слободите на граѓаните и кога ќе констатира нивно кршење од страна на службеник, на орган на државна управа или на овластен работник во органите на државната управа да може да покрене постапка за тој што ги крши слободите и правата. Што значи за него бидејќи во целокупниот систем практично тој што во рамките на управната постапка ги повредува правата и слободите е обично несанкциониран. Низ редовниот правен систем може да се поништи неговиот акт и да се исфрли последицата во однос на странката што ја трпи последицата но носителот на таа

повреда кој што може постојано да ја повторува и да ја ангажира енергијата на адвокатот, на тужителот на судот, на извршителот и тн. може тој повторно да ја повторува и да направи нова повреда кон трета странка и да повторува таа повреда. Јавниот правобранител мора да може да го санкционира носителот на кршењето на слободите и правата, што значи дека правецот на неговите надлежности, ефективни и насочени во различни насоки треба да биде кон носителите на кршењето на тие права и слободи, а тоа е точно кон тој што ги повредува, а странката што е повредена се служи со целокупниот правен поредок така како што е поставено во законот аз судовите, законот за јавниот обвинител, во процесните закони, сите што беа тука наредени.

И само да кажам, бидејќи го поддржувам она што г-динот Туше Гошев го кажа околу надлежностите дека во овој закон се надминува надлежноста на јавниот правобранител тогаш кога се предвидува водење на сметка уставноста на актите. Имено, Уставот тоа како рамка и како одредба воопшто не го предвидува.

Членот 77 не предвидува никаква можност овој орган да врши превентива над прописите во смисла на нивна законитост и уставност. Има комплетно цел систем на институции кој што е овластен во таа насока.

Членот 2 го дава критичниот момент кога народниот правобранител воопшто може да се активира и да ја активира својата функција. Тој вели вака: "народниот правобранител ги штити уставните и законските права на граѓаните кога се повредени, што значи кога не се повредени, а тоа значи кога не се конкретно повредени нема надлежност за него, како установа, бидејќи системот за тој вид на можна повреда, а тоа значи на незаконит подзаконски акт и на неуставен закон има

комплетна процедура. Нема никакви пречки јавниот правобранител да покрене испитување на законитоста на некој закон, но пред Уставниот суд во таква уставна постапка, но не тој да дава оценка дали е тој законит или уставен, односно дека е незаконит односно дека е неуставен. Таа надлежност апсолутно јавниот правобранител ја нема. Министерството за правда, Владата, на подносителот, апсолутно го респектира трудот на подносителот и правото на подносителот на овој закон и понатаму да го носи тој закон да пружи сестрана помош во оваа фаза меѓу нацрт и предлог законот.

(Во 12,50 часот со седницата почна да раководи потпретседателот на Собранието г-динот Тито Петковски)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Зоран Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Почитуван потретседателе, почитувани пратеници, со оглед на тоа што голем дел од она што сакав да го кажам беше искажано, пред сѓ во дискусиите на г-диот Зибери и Панче Минов ќе бидам сосема краток. Неоспорно е дека во овој закон се применети искуствата од многу западно - европски земји, прифатени се и овој закон е збогатен со одредени сугестии на Владата, и Министерството за правда односно тогашното Министерство за правосудство и општа управа и прифатени се забелешки и сугестии од Парламентарното собрание на Советот на Европа. Од таму мислам дека одредени сугестии се прифатени и предлагачот не би требало да формира некоја експертска група,

предлагачот евентуално би можел да организира некоја трибина, тркалезна маса каде што ќе ги повика одредени стручни луѓе, заинтересирани со цел да се некои недоразбирања надминат.

И покрај тоа што го подржувам г-динот Зибери што рече дека комисиите едно кажале на седниците на комисија, сега веќе друго пратениците одлучуваат, јас сметам дека можеби е добро тоа што предлагачот одлучил да оди во три фази, бидејќи беше кажано дека со ова правиме да оди законот, да потсетам дека во изминатиот состав на Парламентот е поминат во една фаза, ова е втора, така да законот ќе оди во три фази, а не две фази, значи во една редовна процедура со што и предлагачот изрази една флексибилност со цел да ете уште еднаш прими одредени укажувања.

Треба да се има предвид дека не се работи за класичен судски или парасудски орган. Се работи за еден орган кој ги штити правата и слободите на граѓаните и токму во една широка лепеза на негови надлежности и овластувања треба да се гледа неговата силина, јачина, покрај она што го избира Собранието, покрај оние услови што треба да ги исполнува.

Беа искажани и најразлични ставови, сега можеби некаде и недореченоста на Уставот, некаде видовме дека некој од нас и различно го толкуваат, ако веќе дојде до тоа треба да побараме автентично не само за ова толкување на Уставот за да нема некои недоразбирања, така да тие услови се различни но кај одредени решенија околу годините, дали 12, 9, ние можеме да ставиме и 3 и 15 и 20, се работи за лични вкусови, лични ставови, но сепак сите овие изнесувања треба да ги

проследиме и интенцијата нас предлагачот и духот на законот така да за сите овие ставови не би требало битно да се наруши интенцијата, духот на предлагачот, и во поглед на рокови и во поглед на други забелешки и тн.

Лично сметам дека во овој закон сите оние процедурални дејствија не би можеле да се уредат, тие би можеле и во други евентуално закони кои се во тек да се вградат како и за другите видови постапки, но може и одредени работи, гледаме дека Собранието дали работи по Уставот дел работиме по Деловник и во новиот собраниски деловник да се внесе.

Беа искажани и некои мислења односно аномалии односи извршна власт, те Влада, те н езнам што, дека овој орган ќе се претвори во некој зависен орган, нормално е да биде од некого избран. Најдобро е тој да биде избран од Собранието, односно Парламентот, пошироко од тоа нема. Сега не треба да се оптоваруваме со некои можни аномалии, што ќе настане во пракса, тие аномалии сите ние да се бориме да ги отстраниме, меѓутоа ние сега преку овој закон да ги кршиме копјата на сите видови аномалии кои беа кажани и во управната постапка и во судските постапки итн.

Исто така имам впечаток дека и покрај тоа што многумина дискутанти директно не го искажаа тоа, ние сепак свесно, несвесно, потсвесно сме оптоварени со тоа, со поранешната институција општествен правобрнатиел на самоуправувањето кој беше во тој период надлежне да се грижи за општествената сопственост и правата, самоуправувањето и тн. Овој институт без оглед на тоа, знаеме дека доживеа крах и сега тој крах не треба да не оптоварува, може само иако

тоа не е тоа да видиме некои искуства зошто тоа третирало, иако е сосема нова категорија, меѓутоа не треба да не оптоварува таа претходна институција свесно или несвесно или да се оптоваруваме и да го споредуваме со јавниот правобранител и некои други органи односно други застапници.

Од таму бидејќи не се работи, тоа исто така дискутабилно, го спомна г-динот Туше Гошев дали да има правосуден дали да нема, тоа исто така е ствар на ставови, на сфаќања, може да има тој, може да имаат неговите заменици, неговите помошници и така натаму. Тоа се веќе различни работи така да тоа по мене не е тоа класична странка. Во одредени работи кажа Панче Минов тој само се движи, а не има. Инаку, беше сега искажано дискутабилно дали ќе бидат бесплатни или не. Јас мислам дека овде се работи бесплатни пред него постапки, а понатаму ќе се види. Сега веројатно дека тој ќе биде угледен правник и тн. и тој ќе врши одредена селекција на овие предмети, инаку навистина не би можел да работи, ќе се затрупа, но тоа дали ќе биде во управната сфера, во сферата на другите, ние не можеме се да претпоставиме, затоа останува праксата и тн. Бидејќи се користени искуствата од овие земји останува да видиме и нашето подрачје, на нашето тло како ќе виреe овој закон, така да се не можеме однапред да предвидиме кој аномалии ќе бидат и што ќе биде укажано.

Благодарам.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници по мене општа оценка е дека е интересна расправата која само ќе користи во подобрување во текстот на законот и се надевам дека ќе го подобриме заради тоа што се определивме за еден ваков пристап.

Ценам дека дел од расправата, во најголем дел, е поддршка на текстот на законот, меѓутоа, расправата покажа и нешто друго дека во концептот на законот имаме различни поимања во оваа институција и имаме недоразбирања и непознавања што таа во правиот поредок на Република Македонија треба да значи. Може би е хендикеп членот 77 се сеќавам на процедурата имаше отпори и во составувањето на таа функција и логички е ако размислите подлабоко со што тој треба да се занимава и со кого и логично е зошто тие отпори постојат. Оваа институција е со традиција преку стотина години и воопшто во западите земји после втората светска војна е масовно спроведувано. Меѓутоа и надлежностите и функциите многу различно се воспоставуваат сите се повлечени од искуството и воспоставената практика на шведскиот омбудсман со разни модификации. Модификациите може да се однесуваат пред се во името. Ние сме се определиле со ова име, така да секоја иницијатива на тој план во овој момент е запрена со уставното ограничување и во различни системи тој носи различно име. Начинот на избор тоа и во функција на контролната заштита, односно на контролната улога што ја има парламентот. Тој фактички е парламентарен медијатор на заштитата на правата и слободите на граѓаните. Во таа функција треба да се гледаат целокупната процедура и постапка за неговиот избор.

Членот 77 воопшто не го воспоставува него како независен и самостоен што би се превело и неодговорен. Оттука формулацијата одговорен може да се дорадува со членот 9 во смисла да се наведат

елементите заради кои Собранието би имал повод да го отповика даречеме или да му укаже на некои други работи. Према тоа таа правна логика мора да ја следиме доследно.

Прашањето на имунитетот. Точно е дека Уставот на поедини носители на јавни функции, односно според поделбата на власта им определува и имунитет. Меѓутоа Уставот во тој дел е многу недоречен, затоа што упатува на тоа прашањето на имунитетот фактички со законите за поодделните власти се разгледува. Јас го ставив свесно иако лично се држам до концептот на Уставот, меѓутоа мислам дека тој е хендикеп во работата на овој орган многу би му посметало заради тоа што тој дефакто треба да се замара со носителите за јавни овластувања службеници, кои се истовремено во функција и на органите на прогон, судство итн. Према тоа многу мудро треба да се процени ако постои правна основа или уставен основ да се допушти и преку законодавниот акт да му се овозможи такво право заради тоа што на него не би смеело да се дозволи било каков дрил во смисла на остварувањето на таа функција, или пак заради изречената оценка која ќе ја даде во извештајот да сноси утре ваква или таква консеквенца. Значи неговата независност би се штитела преку имунитетот,никако не би се рушел ниту уставниот концепт ниту неговата положба.

Овде некои од предлагачите бараат корелација со другите делови од власта, мислам дека тоа е дефинирано и со Уставот не би можело.

Прашањето на обраќајот народниот правобранител, односно омбудсманот е институција на посредник. Таа не е супститут на правен поредок во смисла на заштита на правата и слободите на граѓаните во судството и во управата. Према тоа, неговата улога е токму посредничка и во функција на Парламентарната контрола која ја врши во однос на извршната власт. Условно речено поделбата на Законодавна, извршна

и судска власт не подразбира принцип на независност која не е условена со меѓусебна контрола и укажување на грешките на едната, втората или третата власт. Према тоа тој принцип треба да се брави во овој концепт на законот мислам дека е полезно и во некои системи дури правото на избор која овдека беше потенцирано да се бара консензус во чинот на предлагањето е заменето со правото на позицијата да го прогласи и да го избере парламентот народниот правобранител односно омбудсманот. Во Норвешка 1958 година е припремен ваков закон 1963 е донесен. Се надевам дека мојот закон нема таа судбина да ја дочека, мислам дека ќе бидеме поразумни во иницијативите и побрзо ќе го воспоставиме бидејќи имаме дефакто правна празнина после постоењето на јавниот правобранител на самоуправувањето како еден супститут во стариот политички систем за заштита на правата на граѓаните.

Прашањето на надлежностите како клучно прашање. Токму е таа улогата тој да биде медијатор и да биде присутен во сите функдии што значат контрола над органите на управата. Овдека веќе имаме едно отстапување од некоја практика во некои развиени земји каде што таа надлежност е проширена и во судството. Ние сме се определиле во една рамка со Уставот, а во втора рамка и со законот тоа да биде спрема управата, спрема администрацијата спрема носителите на јавни овластувања. Према тоа колку е тој поприсутен, мене не ми е разбирливо што смета да биде во управна постапка тој да биде присутен, овде сме му дале само право, легитимитет да не биде оспорен ако се појави во салата.

Према тоа мислам дека ако се појде од концептот што тој треба да биде во правниот поредок, тогаш многу се логички наброените надлежности, многу е умесна и правилно сфатена улогата што тој треба да ја има во постапката и принципите кои треба да ги почитува при утврдувањето на неправилноста. И во Собранието, надлежностите и во

Уставот не се утврдени меѓутоа, целокупната постапка ни е утврдена во Деловникот. И овој закон повикува на делови. Овдека не се бара да се известат процедури постапки кои тој може да ги употреби, ако се во другите системски закони вметнати. Оттука, не знам во што е нелогичноста.

Второ, има едно толкување кое можеби може амандмански да се исправи во прашањето на улогата на јавниот обвинител кој во ниеден случај не ја презема улогата на јавниот обвинител.Прашањето да ја цени уставноста и законитоста на актите. Тоа право ние сме го поставиле пошироко. Може секој пратеник може на иницијатива на граѓанин да биде зошто сега тука нему треба да му кажеме дека тука не треба да му биде општото право. Туку во рамките на надлежностите како еден од инструментите што сме му ги потенцирале при тоа право. Значи тука нема одговор да се повикуваме на други грешки во однос на законите.

Второ, прашањето на формалноста. Ве уверувам дека преку осумдесет отсто од овие надлежности се основа на надлежностите и постапките како ги спроведуваат народните правобранители, односно омбудсманот во развиените земји и секаде пристапот е многу формален. Значи, не се плаќа такси и се има иницијатива. Има два пристапа кои исто така се дискутабилни. Некаде не можете да му се обратите на народниот правобранител пред да заврши целокупната постапка што ја усложнува можноста да се врати предметот назад, па затоа се потребни вонредните правни лекови. Овдека е направен пробив уште во самата постапка тој да може да укаже на претставка, на жалба и тн. Значи не се работи за повредата на основното начело за независноста на судовите и на немешање во постапката туку се работи за негово право да се интересира за постапката. Во таа смисла мислам дека исто така таа одредба е јасна.

Најголем проблем, во воспоставувањето на оваа институција во сите правни поредоци е односот негов помеѓу правото и помеѓу судството. Тоа е најважниот инструмент. Меѓутоа јас не можам да прифатам логика која ќе не доведе до констатација дека ќе не доведе до нашиот уставен поредок дека е некомпактибилен со западно - европски установи поредоци и дека ни е не можеме да му најдеме право место, заради тоа што тој во некоја смисла буквално ќе присуствува на судска расправа, ќе присуствува на расправа во второстепена постапка пред управен спор.

Улогата на адвокат. Па баш тоа е потенцирано. Меѓутоа, знаете што е проблемот. Проблемот е во психологијата на нештата. Овој инструмент е многу ризичен за земјите во транзиција, пост комунистичките земји и земјите во транзиција каде што правниот поредок се уште не не воспоставен со системски закони, со една поголема пракса каде што одговорноста и контролата на државните органи и администрацијата е на повисоко ниво. Во развиените земји овој институт разгледува најмногу до 1000 жалби годишно. Ако имаме ние неодговорна управа, ако ние во редовната функција на контрола на извршната власт над администрацијата не можеме да обезбедиме примена на законите, тогаш е ова што министерот со право го потенцира, тој може да биде претрупан и тој да стане антипот на иницијативата која сме му ја дале. Оттука, треба да се нагласи токму таа улога на одговорност Затоа е многу важен уште еден аспект кој сакам да го истакнам а тоа е психолошкиот аспект на овој закон кој на одреден начин секогаш е во функција на граѓанинот, толку да ние му оспоруваме некој надлежност, ќе се договориме за таа работа, веројатно некој консензус ќе преовладее, меѓутоа основно е на граѓаните да им обезбедиме пристап до институциите кои можат да прозиваат за одговорност на извршување на јавни овластувања на службени лица и на други органи.

Мислам дека треба да му останат тие овластувања од проста причина што сите работи не се предвидени со закон. Со многу под акти, да речеме, во рамките на управата може да дојде до злоупотреба или одземање на правото на граѓаните, поготово таму каде што немате одговор, односно имате молчење на администрацијата за тоа овој институт може да покрене и прашања на целисходност, што е многу важен чин бидејќи виде денеска можете да се утепате од врата на врата да одите во општина, да имате триста изговори, а да не сочекате некој рок во кој на вас правото или интересот треба да ви се оствари или барем негативно да ви се одрази. Тоа што му е дадено право, овде јас го нагласив со терминот сослушување што е несоодветен и што го прифатив амандманот на Владата тој сосема друга конотација да добие создава една психолошка компонента кај извршителите на власта да бидат одговорни, бидејќи најголемо зло, буквално речено, за администрацијата во развиените земји е името на носителот на функцијата или органот да се најде во извештајот на народниот правобранител, односно омбудсманот. Неговата јавност, објавувањето на извештајот, тоа е неговото оружје.

И на крајот само една мала дигресија во правото е исто како и во фудбалот .Ако добро жонглирате не значи дека и добро играте фудбал. Према тоа јас се надевам дека сите што имаме намера законот да го подобриме ќе ни помогне со формулацијата со текстот на законот и нема да направиме повторно грешка истиот да не го донесеме барем во мандат на оваа година што на одреден начин на граѓаните би им овој можело уште еден правен инструмент да си ги заштитат своите права.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри на Владата, почитувани пратеници. не излегов на говорница да кажам нешто паметно во врска со она што се нуди тука, бидејќи не спаѓам во групата на стручњаци кои што се овластени да зборуваат за оваа проблематика, јас најмалку можам за тоа јас најмалку можам за тоа тоа би било некое од проблематиката што јас сум стручњак, меѓутоа, само сакам да кажам да напомнам некои мои гледања по однос на ова прашање. Имено, се предлага закон, сега во нацрт кој што во целост го прифаќам како предлог, меѓутоа, сакам да укажам само на една работа, а тоа е таа што зошто ние со полно закони сакаме да одредиме, одредени прашања да ги регулираме. Се плашам дека и со донесувањето на овој закон ќе направиме нешто друго, ќе создадеме против ефекти. Изгледа дека секогаш кога ние носиме закони повеќе сакаме да ги затвораме овие празнини, да се бориме против тие празнини кои што ни се јавуваат во практиката. Кога ова го кажувам само да спомнам дека во Уставот на 13 страници се зборува за правата и слободите на човекот и граѓанинот или тоа се вкупно 42 члена. Дали ова недоволно зборува дека ние треба да се освестиме кога се во прашања правата на човекот на луѓето на граѓанинот да ги надминеме овие состој би. А надминувањето го гледам единствено со демократизација на нашето општество. Ако ние и натаму стоиме вака како што сме два милиона луѓе со вакви гледања сигурно дека тешко и сто други закони да донесеме состојбите може би ќе ни бидат уште полоши. затоа сакам да кажам во законот да бидат вметнати решенија кои ќе нудат навистина излез од состојбата кој што ќе му нудат на граѓанинот решение кој што навистина му следи. Во врска со правата на граѓаните има толку конвенции напишани кои сме ние како земја која е примена во Советот на Европа сме ги прифатиле, а такви има и на ниво на обединети нации, а ние многу често наидуваме неостварување на тие права. Единствено тоа е што сака да го кажам тука да не дојде до таа

состојба да имаме уште полоша состојба и со донесување на законот. Уште една сугестија да кажам. Јас мислам дека доколку тоа правно не смета, во однос на правото на правобранителот треба да стои некое, немојте криво да ме сфатите може би немам право, правниците тоа треба да го кажат, да има некоја извршна функција, одредени работи да можат да се извршат ако ги констатирал јавниот правобранител.

**ГАЗМЕНД АЈАДАРАГА** (продолжение)

До колку такво нешто даваме, тогаш можеби ќе имаме некое подобро функционирање на оваа функција. Во спротивно ќе донесуваме и други закони и состојбите ќе ни бидат исти.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор ? (не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието го усвојува Нацртот на законот за народниот правобранител.

2. Предлагачот ќе подготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за народниот правобранител, при што ќе ги има предвид мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела на Собранието, како и од расправата на седницата на Собранието.

3. Овој Заклучок да се достави до пратеникот Зоран Крстевски.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака.

Шеесет и седум пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Нема ниту еден против.

Дали некој се воздржува од гласаше?

Никој .

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Преминуваме на **вторaта точка** - Предлог на закон за просторно и урбанистичко планирање.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Јорго Шундовски, министер во Владата на Република Македонија.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, почитувани пратеници, со оглед на тоа колку и како се даде на значење за донесување на овој закон во медиумите посебно во електронските медиуми во најавата за работата на денешната седница а се со цел да не остане во сенка значењето за донесување на овој закон, би сакал да дадам краток вовед точно за значењето и содржината на законот.

Пред вас денес е ставен на разгледување и одлучување Предлогот на законот за просторно и урбанистичко планирање, со кој се уредуваат многу значајни прашања во сферата на планирањето, уредувањето на просторот, изградбата на градовите и населените места и остварувањето на правата на граѓаните и правните лица во оваа област.

Потребата од донесување на овој закон беше утврдена со Предлогот за донесување на овој закон, при што беше укажано на потребата од создавање на нови односи во изработката и донесувањето како и спроведувањето на плановите , усогласени со новото општествено уредување на земјата, Законот за локална самоуправа и дргди закони.

Тргнувајќи од неповолните состојби во сферата на изработка, донесување и спроведување на просторните и урбанистичките планови и сознанието за нивната реална застареност, околу 80% од законите се постари од 1980 година, нивната нерационалност и големиот степен на несправедливост на плановите, со донесувањето на новиот закон за просторно и урбанистичко планирање треба да се создадат рамки за интензивирање на процесот за ревизија на плановите и нивно усогласување со новите потреби за градба во услови на пазарна

економија. Истовремено, треба да се создадат услови за отпочнување на еден нов инвестиционен циклус во државата. При тоа во ниту еден момент не треба да се испушти од вид дека треба да се создаваат услови за хумано живеење, за работа на граѓаните на РМ, превентивата во заштитата на животната средина, културното и природното наследство, заштитата од воени разурнувања, природни и други непогоди.

Почитувани пратеници, при изработката на законот е прифатен концептот во него да се уредат основните односи во планирањето на просторот и населените места, видовите и содржината на плановите, изработувањето и донесувањето на плановите, доделувањето на градежното земјиште како новина во овој закон, спроведување на плановите, надзорот и санкциите, а поблиски услови на оваа мошне комплексна сфера на општествениот живот да се уредат со подзаконски акти, кои ќе се донесат во определени временски периоди.

Во таа смисла,во Предлогот на законот за просторно и урбанистичко планирање се уредуваат следните основни подрачја на оваа дејност, и тоа:

1. Видовите на просторните и урбанистички планови, нивната основна содржина, начинот и постапката за изработка и надлежноста за нивно донесување.

2. Со ставање на институционална рамка за нивна изработка и Предлог за оформување на јавно претпријатие за таа цел.

3. Воспоставување на законски рамки за обезбедување на трајни извори на средства за нивната изработка.

4. Спроведување на плановите преку доделување на градежното земјиште, определување на инвеститор и утврдување на услови за градба.

5. Зајакнување на надзорот над спроведувањето на плановите.

Во точката 1 од овој дел за кој зборувам јас сега се утврдени два основни нивоа на планови: просторни и урбанистички планови. При тоа е пропишано задолжително донесување на просторен план на Република Македонија од Собранието на РМ, со кој се утврдува стратегија и основните сили и насоки за просторниот развој на територијата на Републиката и на градовите, како и на населените места, а за неговото спроведување може по потреба, да се изработуваат просторни планови на региони, национални паркови, одредени подрачја на град Скопје, на општините што се од јавен интерес, или на подрачјата на општините што се од јавен интерес и сл.

Во овој дел од законот посебно значење се дава на генералниот урбанистички план, што го донесува Собранието на град Скопје и собранијата на општините, со пропишувањето на задолжителна содржина која ќе овозможи директно спроведување на плановите и утврдување на условите за градба во случаите кога не е донесен детален урбанистички план или истиот е доста застарен.

Тргнувајќи од потребата за континуитет во планирањето, што значи усогласеноста на плановите со развојната економска политика и одредбите на член 20 од предложениот закон, предвидена е нивна задолжителна ревизија, по истекот на временски период, во зависност од нивото на плановите. Целта на ревизија на плановите е преку преиспитувањето на планските решенија да се согледа потребата и обемот за измените и дополнувањата на плановите односно оправданоста на постојните решенија.

Со оглед дека дејноста за изработување и донесува&е на просторни и урбанистички планови е објавен интерес, со одредбите на законот се предвидува Владата на РМ да основа јавно претпријатие за

просторно и урбанистичко планирање на РМ. Ова ќе овозможи концентрација на постојниот специјализиран стручен кадар, унификација и зголемување на квалитетот на плановите според единствена методологија едукација на кадрите, формирање на соодветен информативен систем за следење на состојбите во реализацијата на просторните и урбанистичките планови, како и усогласеноста на плановите врз основ, на постојната подлога на државата. Покрај тоа, предвидено е плановите од пониско ниво, како што деталниот урбанистички план, урбанистичката документација за населена место во општината и урбанистичките планови за локалитети од објекти од јавен интерес да ги изработуваач тие организации односно институции овластени од надлежното министерство.

Со цел да се обезбедат трајни извори на средства за финансирање на изработка на просторните и урбанистичките планови, заради задоволување на актуелните потреби, со одредбите на законот со членовите 36 и 37 е предвидено новите инвеститори, како и сопствениците на изградени објекти во урбанизирани подрачја да плаќаат надомест за добивање услови за градба и за користење на урбанизиран простор.

При определување на висината на надоместоците се извршени претходни аналитички согледувања за постојните материјални можности за субјектите и граѓаните кои градат нови објекти или сопствениците на веќе изградените објекти.

Со цел да се обезбеди континуитет во спроведувањето на плановите и остварување на правата на правните и физичките лица за изградба на објекти преку еден орган, со одредбите на законот во членовите од 28 до 38 е утврдено доделувањето на градежното земјиште, со кое управува Републиката, да го врши Министерството надлежно за работите во урбанизмот. Со решение за доделување на

земјиште всушност се утврдува инвеститорот односно носителот на сите натамошни активности за обезбедување соодветна документација за градба, чие издавање исто така е во надлежност на Министерството за урбанизам.

Во делот на законот во кој е утврдено вршењето на надзорот и во преодните и завршните одредби се вградени нови решенија кои ќе придонесат за спречување на бесправната градба. Имено, со овие одредби е предвидено, а врз основа на наод на Републичкиот инспектор се утврди дека државното земјиште по влегувањето во сила на овој закон се гради објект без решение и без услови за градба, изградениот објект станува сопственост на државата. При тоа е дадена можност, кога по донесување на просторен и урбанистички план бесправно изграден објект се потврдува со тој план, на инвеститорот да му се издадат документи согласно одредбите на овој закон, а доколку инвеститорот не ја покрене постапката за нивното издавање, се применуваат одредбите со кои објектот станува сопственост на државата.

Почитувани пратеници, при изработката на Предлогот на законот за просторно и урбанистичко планирање на соодветен начин се вградени забелешките од собраниските комисии, дадени на Предлогот за донесување на законот за просторно и урбанистичко планирање, од одделни организации во неколку стручни расправи, а за содржината на Предлогот на законот истиот е ставен до соодветни институции за добивање мислење, сугестии пред да се достави до Владата на РМ и пред ова Собрание.

На Предлогот на законот одделни забелешки, предлози и сугестии дадоа поединци од надлежните факултети, Архитектонскиот и Градежниот факултет, како и Правниот факултет од Скопје, кои на

соодветен начин се вградени во самиот текст на законот.

При изготвувањето на текстот на Предлогот на законот за просторно и урбанистичко планирање се користени искуства за нормативно регулирање на планирањето на просторот на земјите членки на Европската унија и на земјите во транзиција, како и одделни мислења на претставниците на Светската банка.

Владата на РМ како предлагач на законот очекува дека со неговото донесување ќе се уредат основните односи во сферата на просторното и урбанистичкото планирање, донесувањето и спроведувањето на плановите и нивното финансирање, со што ќе ее создадат реални основи, претпоставки за значително подобрување на состојбите во оваа област, што е од витален интерес на правните лица и граѓаните и компатибилно со целите на развојната и економска политика на државата во сегашниот момент на развојот.

Со надеж дека ова Собрание денес ќе го донесе овој закон, јас однапред се заблагодарувам

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Зоран Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани пратеници, покрај многубројните поднесени амандмани по овој законски проект, овој законски проект е еден од подобрите кои во изминатата година се појавиле пред ова Собрание. Фактот дека се поднесени доста амандмани не го негира фактот и квалитетот на овој закон, бидејќи со овие амандмани не се нарушува концептот на законот

Согласувајќи се со предлогот на одреден број амандмани, претставникот на Владата покажа одредена кооперативност и флексибилност , а се со цел за подобра надградба на овој закон, односно се со цел за усовршување и подобрување на овој закон.

Во законот навистина се користени искуствата од западно европските земји, секој што имал допир со оваа материја или со прописи од оваа област уште на прв поглед тоа може да го види. Исто така е јасно дека во овие земји во поглед на оваа сфера, како во однос на законските решенија така и во однос на конкретните решенија, оваа област е издигната на едно завидно ниво, така што пренесувањето на тие искуства овде ќе значи многу како една почетна фаза за битно квалитативно подобруваше на односите во областа на урбанизмот во нашата држава.

Овој модерен закон ќе даде само една солидна основа за надминување на проблемите на просторното и урбанистичкото планирање, особено во поглед на интенцијата на Министерството за урбанизам за легализација на најголем дел од оние 100 илјади дивоградби што ги имаме во Македонија, од кои само 40 илјади се во градот Скопје и ќе претставува можност за спречување односно не може целосно за спречување туку намалување на можноста на спречување на натамошно продолжување на овој процес односно продолжување на процес на дивоградби. Се разбира, тој нема волшебно стапче и преку ноќ да ја измени материјалната состојба, менталитетот, и тн, меѓутоа, претставува еден битен чекор напред. Така што сите овие работи, целата операционализација на законот е неопходна , да се дополни со сродните закони и подзаконски акти, но се разбира во зависност и од материјалните претпоставки на нашите граѓани и нашата држава, бидејќи самиот по себе не може да ги реши сите овие проблеми.

Јас лично ја поздравувам најавата на предлагачите по примерот на некои западно европски земји, пред се Швајцарија, Германија и Австрија, по донесувањето на овие закони односно донесувањето на сите овие закони од оваа област да се направи една модификација, што исто така ќе претставува збогатување на нашиот правен систем во оваа

област и ќе се олесни самата примена на овие закони.

Самото подобрување на законот од претходната фаза и подигнување на квалитет на овој закон укажува дека можеби е штета што овој закон оди во две фази, бидејќи веројатно да има и трета фаза уште подобро и уште повеќе би се подигнал квалитетот на овој закон, бидејќи не случајно ние сме предвиделе процедура на донесување на закон во три фази, а две фази само како исклучок. Меѓутоа, ние обратно тераме една појава, да биде правило донесување на закон во две фази, а третата фаза да ни оди. Но во секој случај, бидејќи веќе е дојдено до тука, јас се согласувам да оди во овој случај и во две фази, покрај тоа што одложувањето на овие закони кои се за месец или два, бидејќи се чека 4-5 години, еден месец два или три ништо не значи во однос на овој период.

Јас исто така го поддржувам решението на органот за урбанизам да доделува градежно земјиште наместо службата за имотно правни работи при Министерството за финансии, со што се поедноставува постапката и се овозможува пред еден ист орган да се изврши севкупната процедура, бидејќи така околу целово доделување претходната и подоцнежната постапка беше сврзана со овој орган, со органот надлежен за работите на урбанизмот, со што ќе се олесни постапката и ќе се намалат малтретирањата на физичките и правните лица, што е исто така едно модерно решение, кое за жал беше пред извесно време предвидено во еден друг закон и во едно друго министерство, меѓутоа, не најде поддршка во Парламентот. Токму тоа не значи дека еве треба да се кочат такви иницијативи, да се надеваме дека ќе дојдат и од други министерства и ние ќе покажеме ширина како Собрание да ги прифатиме овие.

Исто така, јас мислам дека оваа интенција би можело малку повеќе да се развие во поглед на превентивната функција на инспекциските органи, наместо репресивната и во таа смисла, бидејќи веќе не е ставена и доцна е, мислам дека во подзаконските акти треба да се обрне поголемо внимание и преку оние организациони работи и оние интерни работи на Министерството, меѓутоа, и преку други подзаконски акти кои ќе бидат донесени од Владата, што повеќе да се нагласи таа превентивна функција. Ние во законот овде сме предложиле едно решение според кое бесправно изграден објект ќе стане сопственост на државата. Навистина тоа е така во многу земји, но прашање е какви реперкусии кај нас тоа ќе има. Меѓутоа, исто така е познато дека во многу земји, на пример во Италија и др. овие инспекции може да вршат увид , надзор само во првичната фаза, а ако се изгради објектот тогаш автоматски молкум или не станува легален, така што навистина е неопходно, но и штетно е општествено да се руши еден веќе изграден објект. Ова решение што е дадено во законот оди во прилог на тоа, меѓутоа, дали може сето тоа да стане државно, затоа е многу битна таа превентивна улога на инспекторите и органите со цел да нема големи штети како за поединецот така и за државата.

Исто така, на крајот би кажал дека навистина модерните решенија во овој закон од друга страна создаваат и една дилема. Имено, во кој период ние можеме да се прилагодиме на условите на овој закон. Тоа е сега релативна работа. Овде е ставено година - две гледам има амандмани за година, две, три, но прашање е дали и тој рок ќе биде доволен. Меѓутоа, бидејќи и самиот предлагач изрази флексибилност и одредени дилеми во врска со овие рокови кои не ги менуваат, така што веројатно во текот на амандманската расправа ќе дојде и до ова подобрување.

Поради сето она што го кажав, јас навистина го поддржувам донесувањето на овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, Законот за просторно и урбанистичко планирање треба да се оцени како една стручна добра работа, со големо разбирање на министерот бидејќи сите кои работеа на оваа проблематика дадоа свое ангажирање како во матичната комисија, сите стручни луѓе и луѓето надвор од Парламентот, научни и стручни работници за да го збогатат, бидејќи ова е нов текст, збогатен, поквалитетен, блиску до она што е европско.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ**: (Продолжение)

Да не ги повторуваме работите јас би кажал некои укажувања принципиелни по членот 15 каде што е предвидено да се формира јавно претпријатие. Сум за тоа да се формира јавно претпријатие, сум на тоа да се формира јавно претпријатие, но јавното претпријатие да не биде од типот на пропадната политички работници кои нема како е да се сместат да ги сместиме таму, туку се заложувам навистина да се изберат најквалитетни луѓе кои ќе работат на оваа проблематика со тоа да се почитува лиценцата, не само дипломата, туку лиценцата. Она што јавното претпријатие да не го доведе како монопол сум за изработка на детални урбанистички планови да одат на една поширока изработка, не да биде монопол само привилегија на јавното претпријатие со тоа да не ја запостави основната дејност со кое е предвидено изработката на просторните планови.

Во членот 4 8 каде што е новина и претставува еден квалитет затоа што е прва фаза да се донесе еден лимит и да се спречи бесправната градба која ни претставува еден поголем проблем во државата е тоа да при изградбата на општествено земјиште објектот станува во сопственост на државата. Тоа ќе биде првиот чекор и така големиот број на диви градби барем да кажеме во почетокот да се сопрат.

Друга новина мислам дека е членот 54 и моја заложба беше во изработката и при предлагањето на законот во првата фаза што Македонија треба да направи т.е. што треба да направи Владата односно ресорното министерство во ова море од диви градби. Дадена е една флексибилност од една година да она што е дивоградба да се даде можност на една легализација бидејќи во овој момент со толку дивоградби, бројката е над 40 илјади дивоградби се работи за многу

пари. Би било умно да се даде можност се она што може да се вклопи во деталните урбанистички планови кои можат да се вклопат да се направи напор да се овозможи на граѓаните да си платат и да се легализираат. Мислам дека ќе направиме една голема работа за оние граѓани, бидејќи знаеме каква е состојбата во државата, расте социјалната тензија и да не се доведуваме до многу несакани неприлихи да се руши, да правиме проблеми, да правиме непотребни конфликти. Мислам дека ова е добра работа. Она што спомнавме дека се врши новиот квалитет, тоа е кодификацијата. Сум исто го поддржувам доделувањето на градежното земјиште да оди под ова министерство за да се упрости постапката, да не ги шетаме граѓаните лево - десно, да биде поажурирана работата, граѓаните брзо да работат. Има таму добар дел на амандмани кои ќе го скратат рокот на прекутното молчење т.е. давањето на одговорите се со цел овој закон да биде навистина во функција на граѓаните. Не би зборувал повеќе бидејќи ќе има доста амандмани. Во целост го поддржувам законот бидејќи е квалитетен и сум убеден дека ќе биде во функција на граѓаните.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот-Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Господинте потпретседателе, почитувани колеги, јас само кратко сакав неколку работи да кажам бидејќи се разбира не се чувствувам компетентен подетално за оваа материја да се произнесам. Некои од колегите кажаа некои работи. Индиректно сакам да кажам нешто подиректно во врска со тоа. Ние сега сепак прифаќаме и во тоа го подржувам особено министерот во тоа дека сепак ние се наоѓаме во една фаза на едно докомплетирање, доусовршување и доизградување на целиот систем на планирање, организирање на просторот и неговата

регулација. Ако е ова вистина, тогаш би сакал тогаш да додадам уште нешто. Ова веројатно овој заклучок на Министерството и на министерот произлегува и од фактот што досегашното планирање имало многу дефекти и празнини. Најголемата празнина по мене од досегашното планирање, па дури и од искуство иако не од струка го знам затоа што целиот систем на организирање на просторот на планирањето и особено на користењето и доделувањето на градежното земјиште не беше усогласено со текот на развојот и со потребата на луѓето за живеење,за работа и за развој. Тоа беше по мое длабоко убедување, тоа беа одредени планови и просторни регулации кои што произлегоа од чисто канцелариски, бирократски на еден начин непроучени состојби и движења во земјата. Се надевам дека овој закон како почетен, а со докомплетиорање со другите закони што министерот со право вика кодекс на оваа област, се надевам дека ова нешто треба да се надмине и тоа долгорочно со една систематика која природата на нештата го бара. На пример ние сиот систем на планирање во градовите го имаме така за да тој за една половина не им одговараше на потребата на луѓето и на развојот. Затоа 40% од тоа што е градено имаме условно речено нелегално и тоа не само во приватниот сектор. Јас не сакам министерот да го молам сега да каже, но тој знае дека имаме и во општествениот сектор диоградби. Кога се планираше во градот само се поаѓаше од фактот да се планира она она што ќе биде од општествена страна изградено, односно со општествени средства, а се немаше ни смисла дури на еден подетален начин да се проучи потребата за индивидуална градба во самите градови и градските населби, а за селата и да не зборуваме.

Да завршам со ова, се надевам дека и колегите што се залагаа овде, министерството и ние како Собрание и Владата ќе го имаат

предвид фактот дека најголемиот дел на дивоградбите не се резултат на недисциплина на луѓето, иако и тоа го има, туку тоа е резултат на едно криво планирање, недоволно планирање, неадекватно планирање со потребите и интересите на луѓето и дека според тоа при градење на деталните особено планови, но и воопшто на просторното планирање и на доделување на просторот Министерството ќе ги има предвид состојбите кои стојат за да не створаме пошироки незадоволства, пошироки социјални проблеми, туку да се обидеме тие проблеми на овој план да ги решиме. Јас се надевам и мислам дека имам право ако кажам дека членот 54 на законот оди кон тоа и верувам дека со поблиски прописи и други што ќе ги донесе министерството оваа потреба ќе се задоволи понатаму.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, Законот за просторно и урбанистичко планирање сигурно е еден од поквалитетните закони кој што ни е понуден во ова Собрание така кус, ефикасен и се надевам дека ќе биде ефектно и применлив. Инаку тоа што е кажано во образложението за донесување на овој закон сметам дека ги отсликува состојбите и проблемите со кои што се соочува Министерството а и општините, односно на некој начин локалната самоуправа во сферата на уредувањето на просторот и донесувањето на урбанистичките планови, а посебно тука ќе го спомнам проблемот со надминатоста и неприменливоста на веќе донесените урбанистички планови со што, односно со донесување на овој закон се надевам дека ќе се донесат неопходните предуслови, односно законски рамки за поефикасно менување на овие планови. Посебно го поддржувам предвиденото решение за ревизија на просторните и урбанистички планови во одредено време изминато во кое не се реализираат истите. Таква

ситуација во голема мера владее во Скопје и сите тие урбанистички планови кои што се донесени во едно време претставуваат пречка за нормално живеење на граѓаните во одредени подрачја. Формирањето на јавното претпријатие за просторно и урбанистичко планирање на Република Македонија концепциски и така како што е објаснето сигурно дека би било придонес за поквалитетно уредување на просторот и поквалитетни урбанистички планови кои што ќе бидат во склад со потребите на граѓаните. Но во овој случај сакам да укажам само на една пракса која што би можела да се спори ви за ви локалната самоуправа ова јавно претпријатие да се наметне од својата висина и на некој начин да наметне одредени правила кои што можеби не би биле во склад со интересите на граѓаните. Во овој смисол би сакал да ми се даде објаснување како ќе функционира ова јавно претпријатие ви за ви локалната самоуправа и потребите на граѓаните во одредени сегменти, односно како ќе се вклучат граѓаните при донесување на урбанистички планови во населените места.

И на крајот имам уште една сугестија до предлагачот, а тоа е за надоместок за финансирање на изработка на просторните и урбанистички планови. Јас се надевам дека доколку се прифати овој предлог кој што јас го изнесувам во поглед на намалување на стапката на надоместокот за одредена категорија на индивидуални станбени објекти ќе биде патоказ за слични олеснувања во комуналната сфера односно надоместоците кои што се плаќаат за популарно наречените комуналии во општините. Имено за објекти до 136 м$^2$ така јас пресметав дека би била една функционална станбена куќа мала која што ќе одговара за потребите на едно домаќинство без да се трошат непотребни средства за градење на енормно големи објекти

нефункционални. Би било добро да се предвиди олеснување во плаќањето на давачките. Ваква една пракса е позната во некои држави на некој начин ова значи и водење станбена социјална политика во државата и поттикнување на градба на помали функционални објекти. Сметам дека доколку се прифати ова и слично нешто, доколку се прифати и од страна на локалната самоуправа би бил еден добар придонес за решавање на станбените проблеми на граѓаните иако не кој знае колку голем.

И на крајот би сакал да укажам на уште една дилема која што се јавува кај мене, односно на една нелогичност која што е присутна подолго време, а забележувам дека и во овој закон истото се повторува. Имено, на некој начин со член 54 каде што се овозможува доколку со урбанистичките планови може да се вклопи некој објект истиот да ги плати придонесите и да се легализира. Тврдам дека на овој начин се поттикнува дивата градба односно можноста да некој преку разни врски дојде до)сознание дека во одредено подрачје се гради, односно се планира градба на некои слични објекти и истиот на одреден начин да дојде до сопствена инцијатива без почитување на условите кои што важат за доделување на простор да изгради објект, да го чека легализирањето и да ги плати придонесите. Сметам дека за вакви случаи немам ништо против да се легализира тој објект, сигурно дека треба да се води сметка да не се уништува имотот на граѓаните, но овие граѓани кои што градат на овој начин, кои што низ мала врата ги добиваат локациите со разни сознанија до кои што доаѓаат за градба на одредени објекти мислам дека во најмала мера треба да платат и одредени penali затоа што на тој начин дошле до таа локација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Панче Минов.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, оценката на состојбите во областа на просторното и урбанистичкото планирање и урбанистичкото уредување на просторот неминовно ја условува потребата од донесување на овој предлог на закон за просторно и урбанистичко планирање а содржински овој закон ги постигнува и целите на подобрување на вкупните состојби со уредувањето на просторот од урбанистички аспект и заштита на човековата околина. Новините во овој закон пред се се однесуваат и од таму би го почнал и коментарот во општата расправа по законот на јасно дефинираноста на јавниот интерес за изработка и донесување на просторни и урбанистички планови. Овој јавен интерес веќе во наредната глава од Законот се разработува и се укажува дека овие просторни и урбанистички планови ќе бидат на некој начин буџетски финансирани што впрочем тоа беше и досега, но врз база на програма која ја донесува Владата на Република Македонија. Во вршењето на дејноста просторно и урбанистичко планирање се предвидува основање на јавниот претпријатие кое што ќе ги изготвува сите планови предвидени во членот 7 кои ги регулира видовите на плановите и овде ние првата забелешка по однос на законот ако ги споредиме надлежностите на јавното претпријатие во членот 15 со видовите на планови во членот 7 ќе направиме една воочлива констатација дека многу од плановите кои што освен просторниот и генералниот ги донесуваат собранијата на општините и град Скопје, а изготвувањето е целосно концентрирано на истите од спомнатото јавно претпријатие. Што значи една несовпаднатост меѓу нивото на органите кои го изготвуваат планот и органите кои што го донесуваат планот. Мислам дека тука оваа

работа има свое објаснување  што сигурно го навело предлагачот вака да предложи. Но јас имам убедување бидејќи не поминаа предлозите по комисии ова да се гради да јавниот интерес во изготвувањето на плановите покрај јавните претпријатија на ниво на Република ги остваруваат и општински јавни претпријатија во изготвување на просторни урбанистички планови кои ги донесуваат општините и град Скопје.

**ПАНЧО МИНОВ;** (продолжение)

Мислам дека оправдувањето за ваквата формулираност на надлежноста за изготвување на планови исклучиво на ниво на републичко јавно претпријатие со организација која, нормално ќе одлучи Владата, многу брзо во праксата ќе наиде во проблеми во спроведувањето. Имам убедување дека тоа е добра подлога во наредниот период на спроведување на законот и самото Министерство оценувајќи ја проблематиката на оваа констатација што ја искажувам кре пристапи кон пренесување на оваа надлежност на општинско ниво, вршење на оваа дејност од јавен карактер, односно изготвување на урбанистички планови.

Варијантата што се дава за покрај обезбедувањето на јавниот интерес и овозможување на изготвување на плановите и од други органи и институции со овластување на Министерството, предлог беше да биде поткрепена со едно учество, со една истанца на определување од општините и Градот Скопје за тие организации кои ги исполнуваат условите за тоа, бидејќи премногу големо овластување е и конкуренцијата за изготвување на просторните и урбанистичките планови да ја диктира Министерството за урбанизам. Можете да си претпоставите каква ќе биде таа конкуренција.

Во делот на доделувањето на градежното земјиште сметам дека треба да биде поткрепено, што исто така не е прифатено во расправите од страна на предлагачот, во согласност тоа да се пренесе од Министерството за финансии во Министерството за урбанизам. Повторно ја нема истанцата на општините и Градот Скопје во смисла да доделувањето на градежно земјиште се врши врз база на програма за уредување на градежно земјиште кое ја донесува Собранието на

општината, односно градот Скопје, пак во согласност со надлежното министерство, како што стои во Законот за локална самоуправа. Може да се претпоставува истото, па нема потреба од дорегулираност, но јас сметам дека тоа треба дацидно да се утврди.

Има една неадекватност во делот на тоа доделувањето на градежното земјиште да се врши со решение од Министерството за урбанизам, а во членот 30 ставот 2 предвидува правата и обврските меѓу Републиката и инвеститорот- корисник на градежно земјиште се уредуваат со одговор. Кога веќе е со доделување, со акт решение во управна постапка надлежното Министерство се одлучило за доделување сопственичко право на корисникот на односното градежно земјиште мислам дека понатамошната постапка на користењето на тоа градежно земјиште е работа на надлежниот орган при општините и тој треба со договор да регулира кои ќе бидат правата и обврските меѓу оној на кого како титулар му се доделило тоа земјиште и визави Програмата за уредување на градежно земјиште кои објекти на уредување ќе бидат како обврска на инвеститорот корисник да ги изврши. Мислам дека тука таа адекватност не е присутна и нема потреба да се дуплира работата, со решение, па со договор со Републиката да се склучува договор во односи со инвеститорот корисник на градежно земјиште, туку тоа треба по решението за доделување на градежно земјиште органот надлежен од општините и град Скопје да пристапи во меѓусебното регулирање на односите помеѓу тој орган, кој е надлежен за уредување на градежно земјиште и инвеститорот корисник на градежно земјиште.

Кога кажав за коментарот, за јавниот интерес на изготвување и донесување на просторни и урбанистички планови ќе почнам со потенцирање на тој јавен интерес.

Во членот 13 е предвидено финансирањето и остварувањето на јавниот интерес да се врши преку Буџетот на Републиката по програма од Владата. Ние досега таа состојба ја имавме, но сигурно дека една од клучните новини во овој закон е воведуваше на нови извори за финансирање на изготвување на просторните и урбанистички планови.

Прв впечаток е дека тие извори, како што се предвидени во членовите 36 и 37 по обем, по износи се доста високи значат една голема оптовареност покрај даночното оптоварување, покрај комуналиите за уредуваше на градежното земјиште сега ни се јавува и трето оптоварување кое е по основ за финансирање на просторните и урбанистичките планови. Можеби некое убедување има за новите станбени и деловни и стопански објекти кои ќе се градат, тоа го регулира членот 36, каде што пак висината на износот и обемот на зафаќањето стои како отворено, но мислам дека крајно е непопуларно предвидувањето на изворот на средства во членот 37 кој што предвидува на постојни изградени објекти да се воведува нов намет на оптоварување од 50% од утврдената даночна основица по основ на данок на имот. Мислам дека тоа како зафаќање е превисоко, не треба посебно да објаснувам за популарноста на тоа зафаќање и однапред е претпоставката дека реакциите на овој мамет ќе бидат стварно непредвидливи.

Кога сме веќе кај финансирањето сметам дека овој извор на финансирање треба да отпадне. На крај краишта да не одиме од почеток со нови извори и тоа повеќе видови на нови извори. Мислам дека за праксата на обезбеденост на средства за изготвување на просторни и урбанистички планови да се увиди задоволителноста за тие извори на финансирање од член 36 што ги дава за новоизградените објекти. На крај - краишта ние досега имавме чисто буџетско финансирање од

постојниот даночен систем, а сега наметнуваме неколку и тоа нови извори, за што мислам дека е е во ред.

Во оваа смисла сакам да упатам дека се јавува неопходност во корелација на овој закон со Законот за спроведување на Буџетот на РМ да се регулира начинот на финансирање на вака собраните средства. Сигурно забележавте дека државата со овој закон се обврзува преку управата за јавни приходи да ги собере тие средства како извор на приход на Буџетот, па потоа истите по програма да се финансираат до јавното претпријатие. Тука, во овој закон и во корелација со Законот за спроведување на Буџетот на РМ отсуствува договорот на кој начин ќе биде пренесувањето на средствата и финансирањето. За тоа нема друг начин, тоа мора да биде по основ на остварена работа во изготвувањето на просторните и урбанистичките планови од јавното претпријатие. Вака како што е сега уредено само се обезбедуваат средствата, а воопшто не се впушта во уредувањето на односите како тоа обезбедени средства од државни органи понатаму ќе ги користи јавното претпријатие. Во секој случај мора да има договорен однос за извршена работа за изготвување на просторен и урбанистички план и истото да се финансира.

Во членот 34 каде што се зборува за население места, каде што има основен план а не постои детален урбанистички план, тоа е по исклучок, нелогична е формулацијата бидејќи за градба на објекти од јавен интерес Законот за експропријација предвидува кои се објекти од јавен интерес, но нелогична е формулацијата "и други стопански објекти од Републичко значење". Јас прашувам има ли објекти во Републиката, има ли стопански објект што не е од републичко значење. Мислам дека формулација да биде од републичко значење е непотребна. Секој објект

што е во стопанството и тоа било кој, било која приватна иницијатива и преземање треба во просторот, на пример само да кажеме пензиски пумпи, објекти во просторен план кои што и урбанистички, од аспект на заштита на човековата околина треба да се градат вон населени места и не мора истите тие да се квалификуваат со атрибут републичко значење. Секој објект од стопанството е од значење и ако се цени неговата целисходност во тој простор што треба да се гради, треба да се овозможи.

На крајот, мислам дека отсуствува одредбата на член 53 каде што се зборува за обврска на постојните општински организации и институции кои што досега го изготвуваа овие планови, обврска истите во одреден рок ги преотстапат на новоформираното јавно претпријатие. Треба да се потенцира дека тоа треба да бидат оние просторни и урбанистички планови кои се финансирани од, условно да кажам, државни средства. Знаеме дека има изготвувани урбанистички планови во чија конструкција учествувале други извори на финансирање.

Морам неодминливо да го потенцирам позитивното во овој закон во однос на превентивата за дивоградбите, ригорозните казни за дивоградбите и можноста таму каде што се исполнети условите истите да се легализираат.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги,

Го поздравувам донесувањето на Законот за просторно и урбанистичко планирање. Мислам дека со овој Закон ќе се подобри и ќе се придонесе живото на граѓаните на РМ да живеат во услови и да имаат

услови во оваа држава да можат да градат и да ги уживаат состојбите, благосостојбите кои ги донесува едно урбано друштво. Секоја држава во светот се мери по тоа колку е урбано решена. Што зрачи тоа? Значи да нејзиниот простор, како што се урбанистичките планови или просторните планови на Републиката, така и урбанистичките планови на општините и документацијата по селата , по населените места биде комплетна. Јас знам дека во многу држави во светот постојат комплетни решенија каде што секое село има или урбанистичка документација или комплетно урбанистички решенија. Со тоа се одбегнува можноста сите ние да изигрувуваме проектанти, урбанисти, архитекти и да си градиме куќички, кокошарници каде што сакаме, каде што ни одговара,

Досега во нашата држава постоеа одредени урбанистички решенија во општините, меѓутоа недоволно разработени или недоволно дефинирани и оставаат можност нашите граѓани да градат најчесто бесправно заради тоа што не беа или воопшто непостоеа планови, или не беа разработени. Со тоа се даваше можност и јас на некој начин ги оправдувам тие граѓани заради тоа што животот е тој што наведува да морате еднаш да се развивате, да градите, се формираат нови фамилии и ние во неможност да обезбедиме локации на оние што сакаат да градат ги принудувавме да идат во градба на некои простори кои што не беа дефинирани за градење. Со тоа сакам да кажам дека го поздравувам Законот, иницијативата на министерот и Министерството конечно да се стави крај на сето тоа и да се активираат сите сили во Министерството за да државата во поглед на урбанизацијата дефинитивно се заокружи. Со тоа ќе одбегнеме во општините да ги враќаме граѓаните кои имаат намера да градат, да им кажеме ние немаме локација, вие сакате да градите индивидуална зграда, но ние немаме локација. Што со тоа придонесуваме? Придонесуваме или граѓанинот да не инвестира во

градба, а знаеме тие инвестиции каков намет на други инвестиции развива, а од друга страна го пасивизираме и го ставаме да живее во некои услови кои веројатно не се адекватни за неговиот животен стандард. Со тоа ќе овозможиме сите граѓани кои имаат можност да градат, а со тоа да интензивираат и многу други процеси во развојот на други производни гранки.

Исто така, сакам да кажам дека нашите села личат на села од среден век. Јас не можам да кажам, или можам да кажам дека сум сретнал едно или две села во Македонија кои личат на нешто што значи нормално село каде што барем на некој начин се знае што е што. Кадеа е улицата, каде се куките, каде се шталите итн. Мислам дека нашите села наликуваат на села од среден век, градено е кој каде сака и како сака и сега треба огромен напор во средување на оваа урбанистичка документација по населени места на некој начин да го ревидираме целиот тој концепт и нашите населени места да добијат некој друг посовремен изглед и урбанизација.

Значи, се залагам за тоа преку урбанистичките планови на општините да се дозволи и да има можност секој граѓанин кога ќе дојде пред шалтерите на подрачната единица на Министерството за урбанизам во секој случај да може да добие дозвола за градба, локација 351 градба и таа локација да може да ја ефектуира.

Второ, околу доделувањето на градежното земјиште мислам дека е правен чекор напред и функцијата што досега ја обавување Министерството за финансии односно подрачните единици и целата таа процедура околу доделувањето се префрлува во Министерството за градежништво. Со тоа сметам дека ќе се забрза процесот околу

доделување на локации и ќе се одбегнат манипулациите околу доделување на градежно земјиште кои досега постоеја.

Трето, би се задржал н а условите за градба. Исто така тоа се за мене разработени новини кои на некој начин ја разработуваат процедурата секој граѓанин, а и органот кој ја издава документацијата работи по строго утврдена процедура и документација. Се избегнуваат секакви импровизации, се одбегнува граѓанинот да биде шиканран и да не знае што е потребно, а исто така се дава една процедура на органот кој треба да ја издаде таа документација и нормално целата таа процедура трае кратко време.

Четврто, би се осврнал за надзорот, односно за инспекциските служби. Мислам дека самото планирање, урбанистичките планови, просторните планови и основната документација доколку ја имаме и доколку до неа се држиме ја олеснуваме работата н инспекциската служба. Ако имаме ние планови, ако секој се држи дека треба да добие локација за градба таму каде што треба, тогаш ние фактички го избегнуваме во голем дел инспекцискиот надзор. Јас не познавам граѓанин кој би дошол во општината, односно во подрачната единица за урбанизам кој побарал локација за градба на индивидуална кука си избере локација сака да живее во богат кварт, сака да живее во некој дел на градот каде што е повеќе пошумен, таа документација ја добива и тогаш ако изгради некаде на друго место, тогаш навистина инспекциските служби треба да имаат со него работа и тие треба да си ја вршат работата. Ние досега фактички граѓанинот го ставаме во ситуација, ниту да му даваме локација односно да имаме одредени урбанистички планови каде што ќе гради, а од друга страна имавме репресивна инспекциска служба која го гонеше да не гради. А животот

тече. Луѓето  се женат, имаат деца и мора да градат. Според тоа со ова обезбедуваме инспекциските служби ја обавуваат својата задача квалитетно.

Исто така зборувам за инспекциски служби кои нема да дозволат да се изгради еден објект, па потоа да се реагира и да се руши објектот. За мене таква слика или таков повод е непостоење инспекциска служба. За мене инспекциска служба е таа служба која треба да реагира во момент и да не ствара непријатели на оваа држава рушејќи цели куќи, туку да дојде и во првиот ден на градбата да го неутрализира тоа и да го стопира. Значи, многу важен дел за кој се надевам ќе се намали со решавањето на правата точка околу урбанистичките планови.

На крај би кажал околу казнените мерки, затоа што мислам тоа е многу важен дел бидејќи нашите граѓани се такви. Бидејќи државата е репресивна доколку предвидува казни, помалку го прекршува законот.

Го поддржувам Законот, го поддржувам министерот и ќе гласам за Законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи има повеќе дискутанти пријавени, а малку пратеници се присутни во салата а има и други закони, и бидејќи денес треба да ја завршиме седницата предлагам сега да ја прекинеме седницата и да продолжиме во 15,30 часот.

(Пауза од 14,05 часот).

(ПО ПАУЗАТА)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имаме доволно пратеници, имаме 62 пратеника и продолжуваме со работа.

Има збор господин Димов.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Гледајќи го овој Предлог-закон за просторно уредување не може да се избега од впечатокот дека тој закон пружа можности за уредување на оваа материја, но не треба да се занесуваме дека со овој закон односите и состојбите од оваа сфера во Републиката ќе се уредат. Без разлика што овој закон има некои новини, тие новини не ќе бидат доволни оваа материја да се уреди, да биде на она ниво на кое ние што сакаме да биде, бидејќи постојните закони, кои што досега постоеја даваа можност оваа состојба да биде добра. Според тоа, од таква еуфорија да се чуваме дека овој закон ќе ги реши проблемите. Место и простор за таква работа нема, туку едноставно и другиот проблем е многу поважен, проблемот на спроведувањето на законот. Мислам дека последната година на овој план и по однос на старите закони направени се одредени напори и сметам дека тука во таа смисла треба да се продолжи. Јас не би зборувал за она што е добро, значи, она што нема да го кажам, сметам дека е добро, туку ќе дадам свои забелешки на одредени делови од законот. На пример, мене овде ми смета и треба да ни смета одреден дел од законот каде што, на пример, можеби формулациите се огромни, но едноставно има членови, сега претседателот да не ме прекине, да не нагласувам членови, бидејќи не е амандманска расправа, членови во кои што на пример некои работи остануваат да ги пропише или министерот или Владата. Тоа е една забелешка и сметам дека пропишување

постапки не можат да се пропишат, туку постапките треба да се регулираат со закон. Тоа е во член 27. Таа работа сметам дека треба да биде подецидна и појасна.

Втора работа која што овде ја спомнаа повеќе дискутанти тоа е дали за реализирањето на ваквиот закон ни е потребно градење, правење, формирање на јавно претпријатие, јавна фирма, која што ќе ги покрива потребите на Република Македонија и на општините од Република Македонија во сферата на изготвување на просторните планови и на главните или генерални како што ги пишуваме урбанистички планови. Ова искуство ние и до денес го имавме, најразличните заводи, било на републичко ниво, било на општинско ниво функционираа, функционираат итн., главно, тоа беше начин оваа проблематика во делот на изготвувањето на тие урбанистички планови да се решаваат подобро или полошо. Искуството на тој план покажа многу работи. Покажа дека во ова време кога оваа наша Република располага со проектантски организации, кои што имаат, да кажам, високо ниво на квалитет проектантските организации на сите градежни организации и други проектантски организации, јас сметам дека потребата од една организација која што ќе биде ставена на финансирање од Буџет или од данок, сметам дека нема да ги даде потребните резултати. Еве ги кои се причините. Ако нарачатели на просторните планови е Република Македонија, значи, на просторниот план а на главните и на деталните урбанистички планови нарачатели се општините, тогаш правото на нарачателот е да избере што е можно подобар занаетчија за да ја изработи таа работа. Функцијата на државата овде јас ја гледам но тоа што во постапката на донесувањето на овие урбанистички планови функцијата на државата, правото на контрола го има н со Закон за локална самоуправа и со другите акти,

бидејќи без мислење на соодветното министерство не може да се донесе ваков документ. Според тоа, функцијата на контрола на државата каде што треба да ја има е задржана. Овде јас во делот, наместо јавно претпријатие кое што вака би функционирало, би сугерирал, бидејќи државната управа и министерството нема толку луѓе кои што квалитетно би ги гледале, би ги ревидирале овие урбанистички планови од аспект на занаетчиството, на градежништво, на економија, на простор итн., пологично е по мое мислење, јас би препорачал во тоа министерство и поевтино и по малку да се формира некое стручно тело, не е битно како ќе го крстиме кое што ќе ја има функцијата на ревидент на урбанистичките планови. Тоа би било многу поевтино, а истовремено би и помагало на Владата или на соодветното министерство своето мислење што ќе го дава урбанистичкиот план да биде издржано. Сметам, исто така, овој нов намет на вилает јас би го рекол што се става за финансирање на ваквата установа, мислам дека не држи. Нов надоместок со нов закон создаваме нови обврски пред граѓаните. Мислам дека овде сите треба да се сложиме нашите интенции се обврските на граѓаните спрема државата да ги сместиме во законите кои што се за тоа предвидени. Ова ми доаѓа како некој парадан. Да кажам дека вредноста на тој парадан не е така мал. Јас веднаш ќе ви направам едно споредување. Имено, првиот дел, односно вториот дел кој што е траен, значи, каде што граѓаните на име на тоа што некој ќе изработува или ќе следи урбанистички планови и просторни планови треба да плаќа 0,5 промили од пазарната вредност на становите. Бидејќи данокот на имот е 0,1% или 1 промил, 50% е 0,5%. Или за оваа работа треба граѓанинот на секои две илјади куќа или стан треба во годината една куќа да плаќа за "оваа работа. Тие се тие бројки.

Исто така, оној првиот дел во кој што инвеститорот за изградениот објект треба да плати 1% од просечниот личен доход од минатата година по квадратен метар итн. Тоа ептен паѓа и врска нема со функцијата и со видот на работата. Според тоа, јас би се заложил за следното. Функцијата на државата која што ја има по Уставот и по Законот со тоа што дава мислење, без кое мислење не може да се донесе урбанистички план за да може тоа мислење да биде поткрепено од аспект на техниката, технологијата во поглед на донесувањето на тие урбанистички планови, сметам дека многу е евтино и малку е тоа министерството да изнајде начин да се формира или да се направи група за ревизија на урбанистички планови, а урбанистичките планови да се нарачуваат кај постојните организации кои што ние ги имаме овде во Републиката и кои што и самите знаат што да прават. Бидејќи има празни капацитети, ем ќе биде евтино, а од друга страна ќе има можност соодветното министерство поиздржано да го носи своето мислење. Тоа е моето гледање, мојот предлог и мислам дека во таа смисла од една страна пред граѓаните нема да создаваме нови обврски, бидејќи финансирањето на таквата група, финансирањето на урбанистичките планови и досега општините си ги финансираа, сами ги нарачуваа итн., и државата исто така тоа ќе го прави.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници.

Ова што се предлага за усвојување како закон за урбанистичко и просторно планирање е многу убава работа. Имам свои забелешки на

одредени места, има доста амандмани, меѓутоа, сигурно предлагачот вложил доста напори за градење на еден ваков материјал и како што гледам како да е се опфатено. Има нешто што во мала рака е изоставено и јас би сакал нешто да кажам во врска со тоа. Вие господа пратеници што сте од централното градско подрачје, таму каде што образовно - воспитната, културната, економската и политичката ситуација е поинаква, зрелоста на луѓето, вие имате многу мали гајлиња. Оние пратеници што се малку подалеку од населбите или да кажам од помалите градови и од тие населби имаат доволно проблеми. Јас сум доста чест гостин на министерот за урбанизам, господинот Јорго Шундевски, гостин заради тоа што имаме огромни проблеми и такви проблеми сигурно и вие имате во цела Македонија во тие градови каде што има многу, многу нерешени прашања. Добро е што и сега претходниот говорник кажа како е тоа изедувано од еден потег во 0,05 промили, тоа е многу. А пак јас викам како е можно тоа некој да плати за дотерување на комуналии, а тие пари таму да не се трошат воопшто, туку на некое друго место. Ама правдина! Тоа е многу лошо и тоа се случува во општина Чаир. Општина Чаир некаде пред десетина години луѓето бидејќи беа надвор од Македонија и сега се наоѓаат надвор на работа по 20 или 30 години, децата пораснаа да се прошират, нема детален урбанистички план, нема конкурси, прашуваат годишно двапати, доаѓаат, нема и ги изградија тие градби. Па, се договоривме да ги легализираме, меѓутоа, да платат комунален придонес. И така авионско снимање, па детален урбанистички план. Меѓутоа, каде се потрошија парите? Се е кал, никаква канализација, дури парите од Северна Рајна Вествалија господине министре се уште стојат таму или не знам каде и така не може да се стори ништо.

Овде, гледајќи го членот 29, заправо читајќи го во точката 5 вели "средствата што се остваруваат од доделеното градежно земјиште се приход на општината, а се користат за надоместување на трошоците за уредување на градежното земјиште". Дали ќе се уреди прашаше е тоа градежно земјиште од тој дел или пак има право тој што ги собира средствата да ги потроши на друго место. Јас сметам дека треба да се потрошат таму каде што се градат куќите, човекот плаќа за да живее подобро, да има улица, да има струја, да има вода, да има канализација и да ги има удобностите кои му требаат, а не да се трошат средствата на друго место. Ете, јас излегов само за ова. Инаку, давам целосна поддршка на донесување на овој план, односно законот за урбанизам и просторно планирање и верувам дека со овој закон полека за кратко време од пет-шест години ќе се европеизираме. Ние сме примени во Европа, но треба да се европеизираме. Еден ден ме одведе господинот министер на едно место во Шуто Оризари, гледавме една куќа, богами беше куќа ипол, ама нема пат, нема ова, нема она, нема ништо, па ајде да се европеизираме. Бидејќи платил човекот, луѓето плаќаат, уште градат, дајте парите да се трошат таму и не само таму, во цела Македонија, да се трошат таму каде што треба. Добро е ние да имаме добар центар, вие што сте од центар и јас сум живеел во центар, ама уште подобро е таму каде што живеам да имам удобност, не да доаѓам со кал овде во град, па да чистам кондури итн.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, матичната комисија во својата скоро петчасовна расправа во почетокот беше во дилема дали на

Собранието да му предложи овој закон да оди уште во една фаза, меѓутоа благодарение на големото разбирање и ширина на ресорниот министер, кој прифати голем број од забелешките изнесени на Комисијата и благодарение на големата поддршка и придонес во работата што ни ги дадоа професорите и асистентите од Градежниот и Архитектонскиот факултет и од градежните институции во државата кои се компетентни и кои се занимаваат со оваа проблематика мислам дека успеавме заеднички да направиме такви корекции на законот, со што тој добива многу повеќе на квалитет.

Инаку, кога се разговара за ова прашање треба да се поаѓа од фактот дека состојбата е сериозно неповолна во оваа област и тоа не заради тоа што надлежното министерство не си ја врши работата така како што треба, туку затоа што тие проблеми се наталожувани со години и со децении station наназад од следните најбитни причини, затоа што добар дел од територијата не ни е покриена со планови и таму каде што е покриена добар дел од тие планови се неприменливи, затоа што има преголемо администрирање во спроведувањето на постапките и во еден период поради засилената и голема миграција село - град, што придонесе за изградба на голем број нелегални населби во целата Република.

Јас се согласувам со министерот кога рече дека овој закон е само еден сегмент од идниот законик за градба кој во пакет би требало да ги подразбира и неколку други клучни закони во кои спаѓаат Законот за инвестициона изградба, за комунални дејности, за геодетски дејности, за експропријација, за градежно земјиште и мислам дека вистинските резултати во оваа област треба да ги очекуваме тогаш кога ќе се заокружи целиот овој процес со законската регулатива од оваа област.

Исто така, сметам дека досегашниот член 54 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, односно сегашниот член 34 во овој закон, така како што е видоизменет со амандманот на Комисијата ќе придонесе големиот број малверзации, неправилности што се случуваа во минатиот период, поради кои мораше и Владата, всушност Уставниот суд на Република Македонија да поништува некои акти на Владата ќе придонесе да нема такви малверзации, злоупотреби во таа област, затоа што е многу поконкретен и подециден во однос на досегашниот период.

Би сакал да изнесам неколку дилеми кои сметам дека ние пратениците треба да ги имаме во предвид, а посебно граѓаните кои секојдневно ќе се судираат во текот на спроведувањето на своите постапки по овој закон. Мислам дека во доделувањето на градежното земјиште, иако во овој текст на законот само начелно се регулира таа област таму поконкретно ќе биде регулирано тоа прашање со Законот за градежно земјиште, треба да се има предвид заложбата за резервирање, за враќање на земјиштето на поранешните сопственици, за да не се доведеме во ситуација од причини што ги донесуваме овие закони, како и Законот за приватизација и некои други закони со задоцнување во однос на Законот за денационализација, да не се доделува тоа градежно земјиште, што по редот на нештата би требало да се врати на поранешните сопственици.

Исто така, мислам дека должен е министерот да даде едно поконкретно образложение во врска со воведениот надоместок за користење на урбанизираниот простор, затоа што тоа во суштина е нова давачка, ново даночно оптоварување на граѓаните и мислам дека би требало и ние како пратеници граѓаните да ги имаат сите информации и мислам дека е должен министерот да понуди или требаше да понуди

во образложението модел за начинот на пресметување на тие средства и за вкупната количина на средствата која би се собрала по тие основи. Ова посебно го напоменувам ако се има предвид фактот дека граѓаните и без тоа се оптоварени со значителни средства што треба да ги плаќаат на државата во фондовите при почетокот на било која инвестициона активност, посебно зборот ми е за оние средства што граѓаните се должни да ги даваат за изградба на засолништа, а тоа не е регулирано со овој закон, меѓутоа вредно е да се напомене за да се реши во наредниот период износи на средства кои се од прилика исти колку средствата што се плаќаат за комуналии, а ректо кој од граѓаните го гледа конкретниот ефект од тие средства, односно средствата се праќаат во еден фонд кој оди во Републиката, иако Законот за засолништа кажува точно што подразбира засолнишно место, мислам дека не се знае каде одат, односно се знае каде одат тие средства, меѓутоа тој што ги плаќа не го гледа конкретниот ефект во смисла на изградба на доволен број на засолнишни места за своето семејство.

Исто така, би требало да се обрне внимание на новоформираното јавно претпријатие за да не се доведе во ситуација да држи монопол на пазарот во Република Македонија, посебно од аспектот доколку ги преземе најквалитетните и најкомпетентни кадри кои во моментов работат во заводете за проектирање и урбанизам во Република Македонија, со што од една страна се прави добро, затоа што се концентрира врвниот кадар на едно место, меѓутоа од друга страна може да биде штетно и опасно за останатите организации, вкупно колку ги има околу 12 во Република Македонија, кои би биле десеткувани поради тоа.

Сметам, дека е добро, односно е веќе усогласено тоа рокот за усогласување на деталните планови да се продолжи на две години за да не се доведе Републиката во ситуација да има вакум од непостоење на урбанистички планови, затоа што мислам дека е преоптимистички да се очекува дека во рок од една година како држава ќе успееме да ги усогласиме сите постојни и детални урбанистички планови во новонастанатата ситуација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за градежништво и урбанизам поднесе амандман на член 1, член 2 став 1, член 3, член 5, алинеја 1, член 5 алинеја 7, член 15 став 3 алинеја 3 и алинеја 4 и за бришење на алинеја 6 на член 16 за менување на став 3 и член 19 став 3, член 21, член 23 став 2, за менување на член 34, член 35, член 51 став 1 и 3 и на член 56 став 1 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на предлогот на законот.

Комисијата за градежништво и урбанизам поднесе амандмани на член 30 став 2 со кои не се согласил претставникот на Владата.

Пратеникот Никола Г. Поповски поднесе амандман на член 1, член 4 став 2 точка 2, и на член 33 за додавање нов став 3 точка 3 со кои Владата не се согласи.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани за бришење на броевите што ги означуваат ставовите од член 2 и во целиот текст на предлогот на законот. На делот II поднаслов Б, член 34, член 39, член 47 став 2, за менување на член 53 и за додавање нов член 55-а и на член 5 6 за додавање нов став 3 по став 2 со кои се согласил претставникот на Владата и тоа е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Владимир Станковски поднесе амандман на член 29 точка 5 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Аце Коцевски Владимир Станковски поднесоа амандман на членовите 4,8,9,10 и 11 став 2, член 16 за бришење на ставовите 4 и 5 и додавање нов став 4 на член 27 за бришење на алинеја 2, член 37 став 3, член 41 став 2 и на член 51 став 3, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Аце Коцевски поднесе исправка на амандманот која се однесува на членовите 4^8,9,10 и 11 став 2 која ви е поделена.

Пратеникот Зоран Шапуриќ поднесе амандмани на член 33 став 1, член 66 став 1, член 55 за додаваше нов став 2 по ставот 1 и на член 51 став 1, 2 и 3 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Аце Коцевски поднесе амандмани на член 3, и на член 16 за менување на став 3 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Јован Николов поднесе амандмани за менување на член 26, член 36 став 1 за менување на алинеја 1 и за бришење на алинеја 3 и за бришење на член 48 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Димитар Вревезовски поднесе амандмани на член 29 за менување на став 2 и на член 35 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Абдурауф Пруси и Џеладин Мурати поднесоа амандмани 49 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Никола Г. Поповски поднесе амандмани на член 31 став 2 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Мевљан Таири поднесе амандман на член 36 став 1 за додавање нова алинеја 4 по алинеја 3 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Никола Г. Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Шундовски, министер за градежништво, урбанизам и екологија.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Овој амандман како и наредните амандмани поднесени од пратеникот Никола Г. Поповски се умесни и укажуваат точно како треба да се регулира оваа област, но мислам не во овој закон тоа ќе следува точно во оние закони, законски проекти кои ќе следуваат во пакетот на законот за градба. Поточно овој член и овој амандман ќе биде главна или основна карика во законот за градежно земјиште. И од тие причини овој амандман ваков каков што е предложен не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го повлекува амандманот г-дин Поповски.

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од пратеникот Аце Коцевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Шундовски, министер за градежништво, урбанизам и екологија.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 2 точка 2, поднесен од пратеникот Никола Г. Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Шундовски, министер за градежништво, урбанизам и екологија.

Го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на членовите 4,8,9,10 и 11 став 2 поднесен од пратениците Аце Коцевски и Владимир Станковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Шундовски, министер за градежништво, урбанизам и екологија.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 16 за менуваше на став 3 поднесен од пратеникот Аце Коцевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Шундовски, министер за градежништво, урбанизам и екологија.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (13)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 16 за менување на став 3 поднесен од пратеникот Аце Коцевски.

(Има реакција од министерот за градежништво)

Забуна ли е, дојдете овде кажете.

Амандман на член 16 за менува&е на став 3.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Амандманот на член 16 став 3 се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, значи било забуна, овој амандман го прифаќа.

Да се разбереме, ова моја констатација дека не е прифатен амандманот не важи. Амандманот е составен дел на текстот на законот. Додека трае претресот по текстот воопшто секој амандман претставникот на Владата може да го усвои. Според тоа не важи констатацијата дека не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 16 за бришење на ставовите 4 и 5 и за додавање нов став 4 поднесен од пратениците Аце Коцевски и Владимир Станковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Шундовски, министер за градежништво, урбанизам и екологија.

Го повлекува. Во ред.

Отворам претрес по амандманот на член 26 поднесен од пратеникот Јован Николовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Шундовски, министер за градежништво, урбанизам и екологија.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Има збор г-дин Николов.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Амандманот што го поднесов претставува подобрување на она што значи естетско урбанистичко уредување на градовите да не ни личат градовите на одделени секое ќоше и празен простор не решен со урбанистички планови со киосци од хартија или од лимени објекти, но во договор со министерот, барем кога разговаравме пред ова, кажа дека со законот се уредуваат тие односи, па овој амандман а и другите ќе ги повлечам со тоа што се едните дадени заради тоа што со министерот се усогласивме со ставовите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи го повлекувате.

Отворам претрес по амандманот на член 21 за бришење на алинеја 2 поднесен од пратениците Аце Коцевски и Владимир Станковски.

Го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 29 за менување на став 2 поднесен од пратеникот Димитар Вревезовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Шундовски, министер за градежништво, урбанизам и екологија.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 29 точка 5 поднесен од пратеникот Владимир Станковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Шундовски, министер за градежништво, урбанизам и екологија.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

И овој амандман се прифаќа, го дефинира градот Скопје покрај општините да биде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 30 став 2 поднесен од Комисијата за градежништво и урбанизам.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Шундовски, министер за градежништво, урбанизам и екологија.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (5)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 30 став 2 поднесен од Комисијата за градежништво и урбанизам.

Отворам претрес по амандманот на член 31 став 2, поднесен од пратеникот Никола Р. Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Шундовски, министер за градежништво, урбанизам и екологија.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 33 став 1, поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Шундовски, министер за градежништво, урбанизам и екологија.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 33 за додавање нов став 3 точка 3, наднесен од пратеникот Никола Г. Поповски.

Амандманот го повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 35 поднесен од пратеникот Димитрија Вревезовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Шундовски, министер за градежништво, урбанизам и екологија.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 36 став 1 за менување на алинеја 1 и за бришење на алинеја 3 поднесен од пратеникот Јован Николов.

Го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 36 став 1 за додавање нова алинеја 4 по алинеја 3 поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Шундовски, министер за градежништво, урбанизам и екологија.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Не се прифаќа и овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го повлекува амандманот г-дин Таири.

Отворам претрес по амандманот на член 37 став 3, поднесен од пратениците Аце Коцевски и Владимир Станковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Шундовски, министер за градежништво, урбанизам и екологија.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Амандманот го повлекувате. Во ред.

Отворам претрес по амандманот на член 31 став 2, поднесен од пратениците Аце Коцевски и Владимир Станковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Шундовски, министер за градежништво, урбанизам и екологија.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

И овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Амандманот го повлекуваат.

Отворам претрес по амандманот на член 46 став 1, поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Шундовски, министер за градежништво, урбанизам и екологија.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Не се прифаќа и овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Амандманот се предлага од следниве причини: имено, во законот е предвидена досегашната пракса, жалбата на првостепеното решение на инспекторот да не го одлага извршувањето. Ова не е во ред затоа што

може да настанат поголеми штети и не може да се повратат штетните последици. Еден објект може да се урне, а во рок од 60 дена да се донесе решение спротивно и да не може да се исправи тоа. Како ќе го исправиме ние еден урнат објект, може да биде огромен, фабрика итн., доколку второстепената комисија на Владата го поништи. Меѓутоа, ништо не смета тоа. Од друга страна комисиите на Владата кој што работат согласно со законот за управна постапка тие се должни од 30 до 60 дена да одговорат. Што значи ако оди процедурата како што треба, работата е само со 30 дена. Од тие причини мислам дека ништо не се нарушува, а ние знаеме дека имало обиди за уривање да не речам и од политички причини итн. кои биле поинаку решени така да може навистина да настанат трајни, неповратливи, штетни последици.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор министерот Шундовски.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Едното лице на предложениот амандманот е точно ова што г-динот Шапуриќ го кажа, но постои и опачина а тоа а во рок од 30 дена онолку што трае постапката во втор степен се градат и многу поголеми објекти и доколку се изгради бесправно објектот во периодот во кој што тече постапката штетата ќе биде многу поголема од онаа во која што во тој момент се наоѓа при извршувањето.

Од тие причини амандманот не го прифаќаме.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Јас сакам да кажам дека точно е тоа, меѓутоа што ако се случи второстепената комисија да го поништи првостепеното решение. Имено, ова решение го донесува еден човек, урбанистичкиот инспектор. Постои комисија на Влада, 5 члена поубаво ќе го разгледаат и ќе се донесе поцелисходно решение. По ова испаѓа дека врз база на решение на еден урбанистички инспектор можеме да постапиме.

Од друга страна во право е ова што го вели министерот, меѓутоа има друга одредба во членот каде што викаме бесправно изграден објект ќе стане сопственост на државата, па нека не го руши, нека го легализира. Но, во секој случај тие 30 дена не менуваат ништо, поголема е штетата обратно. Се работи можеби за еден поединец. Такви тешки одлуки за еден поединец, кој е овластен со законот, ќе ги донесе, меѓутоа што ако жалбата биде поинаква од повеќе стручни аспекти, се работи за еден урбанистички инспектор, за градежен инженер или архитект. Во оваа комисија има и правници и градежни инженери и други така да таа комисија е многу постручна и покомпетентна, посовесна и може да ги согледа состојбите и од самите тие причини се предлага овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (24)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 46 став 1 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Отворам претрес по амандманот аз бришење на член 4 8 поднесен од пратеникот Јован Николов.

Амандманот го повлекува'.

Отворам претрес по амандманот на член 49 поднесен пратениците Абдурауф Пруси и Џеладин Мурати.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Шундовски, министер за градежништво, урбанизам и екологија.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (7)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 49 поднесен од пратениците Абдурауф Пруси и Џеладин Мурати.

Отворам претрес по амандманот на член 51 став 1,2 и 3 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Со оглед на тоа што амандманот од Комисијата е идентичен и дека е прифатен, затоа е исцрпен со претходниот амандман го повлекувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 51 став 3 поднесен од пратениците Аце Коцевски и Владимир Станковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 55 за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

И овој амандман е многу сличен како и амандманот од ЗПК и од тие причини не се прифаќа.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Се повлекува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (69)

Дали е некој против? (2)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Минуваме на **точката 3** - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данок на промет на производи и услуги со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлог законот и извештаите на работните тела на Собранието како и мислењето на Владата Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот н на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на промет на производи и услуги.

Кој е за, молам да крене рака? (60 пратеници)

Дали е некој против? (2)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (64)

Дали е некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 1 во новиот член 4-б став 2, со кој се согласил предлагачот на законот и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот

Пратеникот Рами Туда, поднесе два амандмана за додавање два нови члена 2-а и 2-б по кој Предлагачот на законот не се произнел.

ЗПК поднесе амандмани на член 1 во новиот член 6-б став 2, член 3 54-а, став 1 и 2, по кој предлагачот на законот не се произнел.

ЗПК поднесе амандмани на член 5 и член 6 по кој предлагачот не се произнел.

Комисијата за стопанство поднесе амандмани со иста содржина со кој се согласил предлагачот на законот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за стопанство поднесе амандмани на член 1 во новиот член 6-б став 1 и 2, член 3 во новиот член 54-а став 3 и член 5 и член 6, со кои се согласил предлагачот на законот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Отворам претрес по амандманот на член 1 во новиот член 6-б став 2, поднесен од ЗПК.

Го молам предлагачот на законот да се произнесе.

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Бидејќи овој Предлог закон е пред се во интерес за подобрување на стопанството и за опкружување на аномалиите кои се уочени во практиката од страна на Законот на данок на промет, а сите свие амандмани кои што беа предложени од ЗПК и стопанство се во функција на подобрување на законот и Предлогот мој, ги прифаќам, а останати два предлога ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе отвориме за тоа претрес. Не може така.

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање два нови члена 2-а у 2-6 поднесен од пратеникот Рами Туда.

Го молам предлагачот на законот да се произнесе.

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заключувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (3)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање два нови члена 2-а и 2-6 поднесен од пратеникот Рами Туда.

Отворам претрес по амандманот за додавање два нови члена 2-а и 2-б, поднесен од пратеникот Рами Туда.

Молам, предлагачот да се произнесе.

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Иако е текстот различен на двата амандмана и тој не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање два нови члена 2-а и 2-б, поднесен од пратеникот Рами Туда.

Отворам претрес по амандманот на член 3 во новиот член 54-а став 1 и 2 поднесен од ЗПК.

Го молам предлагачот д асе произнесе.

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа, Бидејќи е во интерес на подобрување на текстот на заклучокот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (66)

Дали е некој против? (не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на промет на производи и услуги.

Минуваме на **точката 4** - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска за ветеринарна соработка со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му Предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска за ветеринарна соработка.

Кој е за молам да крене рака? (61)

Дали е некој против?(Никој)

Дали некој се воздржува од гласање?(1)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (63) пратеници.

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (68 ) .

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска за ветеринарна соработка.

Минувам не **точката 5** - Предлог за донесување на закон за авторско право и сродните права.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието и забелешките на пратеникот Владимир Соколовски Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес, молам кој бара збор?

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри на Владата почитувани пратеници. Предлогот за донесување на закон за авторски и сродни права сметам дека е добро што се носи во три фази, за разлика од сите други закони кои претежно се носат во некаква итна постапка затоа што сметам дека овој закон по својата сложеност и суптилност треба да претрпи одредени корекции, па дури и пошироки дискусии од повеќе институции во земјава со цел да се донесе  што по квалитетен и

подобар закон кој ќе користи од оваа област. Со оглед на фактот дека сум работел како на иновации и патентирање на патенти сметам дека е потребно и усмено да дадам некои објаснувања на писменото мислење кое е доставено до вас од оваа област со цел да придонесеме за поквалитетно донесување во втора фаза на овој закон. Имено, во светската практика постои правило секогаш авторските права подлежат прво подлежат или ја заокружуваат индустриската сопственост, се поврзуваат пот така наречен заеднички именител таканаречена интелектуална сопственост и како институции постојат во повеќе земји и ги опфаќаат и двете проблематики и на авторските права и од аспект на индустриската сопственост.

Како резултат на ова во самите обединети нации постојат и институции покрај агенциите што се УНЕСКО, УНИДО, АЈЛО, постои Агенција ВАЈПО, која во превод би значела Светска организација за интелектуална сопственост која во себе содржи два сектора која работат на оваа проблематика, а тоа се Секторот за индустриска сопственост во кои спаѓаат патентите, индустриските дизајни, жиговите, потоа лиценците, моделите, и другиот сектор работи на заштита на авторските права од аспект на нивното копирање тоа се литературните артистичките, софсерските права научните откритија итн. Познато е во практиката дека со проблематиката на пиратството се занимаваат големи развиени индустриски земји и таа проблематика на пиратството навистина е голем проблем во светот, посебно што токму со тоа проблематика на пиратство се прекршуваат и двете права, тоа значи се прекршуваат и авторските и правата на индустриската сопственост па сведоци сме во практиката дека многу копии на ЦВ дискови, аудио касети потоа софсерски програми, каде што се покажува дека навистина се прекршува и авторското право на сопственикот на материјалот кој е снимен, а исто така се прекршува правото на индустриската односно

животот кој го има фирмата кој го снимила тој материјал. во овој контекст сметам дека во нашата држава би било најцелисходно во рамките на Заводот за индустриска заштита да се инкорпорираат и авторските права, односно овој завод да добие едно ново име Завод за интелектуална сопственост кој ќе кореспондира со препораките на Агенцијата при Обединетите нации ВАЈТО, која препорачува до сите земји кои се занимаваат со оваа проблематика да постои една единствена институција. Дури и самиот предлагач при оформување на првиот текст ги користи искуствата токму на овие земји каде што постојат на единствена институција. Тоа се земјите Швајцарија Словенија, СР Југославија, Велика Британија. Сметам дека едно вакво решение би било најцелисходно и економски и практично затоа мојата порака е да во втората фаза се вгради и ова мое мислење.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, мислам дека законот за авторски и сродните права преставува едно важно прашање заради тоа што третира еден дел на интелектуалната способно на ова прашање мислам треба да му дадеме поголемо значење заради тоа што и такво му е значењето во светот. 30% од се вкупниот извоз на развиените земји отпаѓа на извоз на нематеријални добра. Значи, на интелектуалната способност или на пример во јануар месец 1995 година еден новинар на Нова Македонија ќе рече целосен неуспех на кинеско - американските преговори за авторски права, отворена врата за трговска војна. Мајката, војна, толку груба работа заради трговски интерес. Но еве значи што значи присвојувањето и плагијатот на интелектуалната сопственост во тој контекст на авторските права и сродните права. Значи трговски интерес не е секогаш само трговија со материјални добра, како што е нафтата,компјутерите, автомобилите, медицинската апаратура, крзното и сл.,туку и трговија со нематеријални добра како што се правата од

интелектуалната сопственост, авторските права сродните права, патентите, моделите жиговите, филмовите, емисиите, книгите, уметничките дела, компјутерските програми, видеограми, фонограми, и слични интелектуални творби.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ**:(продолжение)

Познато е дека САД во Кина изгубија една милијарда долари заради плагијат на интелектуалната сопственост односно на авторските права и сродните права. Заради земање на етикетата на еден часовник "Картие" или "Ролекс" кои во суштина се кинеско производство, а се продаваат како американско, како афирмиран производ на пазар и има голем профит врз основа тоа.

Што сакам да кажам?

И покрај постоење на бројни меѓународни договори, се уште нема строги норми за санкции на плагијати или на кражби на творби од областа на интелектуалната сопственост. Земјите во транзиција како што е и нашата, и ние немаме во целина дефинирано правно - извршни мерки за заштита на интелектуалната сопственост. Нашата држава, во таа насока, ги направи првите чекори. Ние сме членка на Светската организација за интелектуална сопственост, потписници на низа меѓународни конвенции, имаме формирано Национален завод за заштита на интелектуалната сопственост, кај нас се вика Завод за заштита на индустриската сопственост, но немаме традиција за чување на интелектуалниот имот, авторското право и сродните права. И кај нас на пример новопечените приватни фирми исто така се китат со туѓи пердуви, со ставање на етикети на производи од наше потекло но со други етикети. Зошто луѓето да се мачат со изработка на атрактивен квалитативен производ, кој со својата промотивна вредност ќе си најде место на пазарот, кога можат да се испечатат слични или еднакви етикети, да се налепат и доволно е да се бројат пари. И онака никој досега не одговарал за оваа работа, иако ако некој човек ја обие самопослугата и земе еден рекламиран пијалак ќе одговара, меѓутоа, за продажба на илјадници шишиња на пијалак со лажни етикети се уште никој не одговара, иако во последно време имаа активности на пазарната инспекција. Значи, потребна ни е национална правна регулатива за

заштита на авторските права, сродните права како дел на интелектуалната сопственост. И кај нас има појава на пример, наместо "Фанта" се пишува "Фанита", наместо "Кока кола" "Кола Кола", наместо "Спрајте" "Спрајфе", наместо "Вегета" "Агета" или "Вегета М" и тн, да не ве заморувам со оваа работа, меѓутоа , сакам да кажам дека интелектуалната сопственост има висока вредност

Јас си го поставувам на себе, а и овде го поставувам прашањето дали нашите проценители при изведувањето на моделот на приватизација можат да набројат барем 10 фирми по ранг со вредности на интелектуалната сопственост односно на авторските или сродните права, како што е тоа да речеме во светот или во западно европските земји. На пример вредноста на "Малборо" од фирмата "Филип Морис" е 31 милијарда долари како етикета , на фирмата "Кока кола" 24 милијарди долари и тн.

Што сакам со сето тоа да кажам?

Во овој период на големи промени во современото македонско општество посебно е добро што се поставува на дневен ред прашањето законот за авторско право и сродните права како дел од интелектуалната сопственост, од аспект што цената на творбите на човековиот интелект, цената на творбите на човекот гениј, креацијата на човековиот ум што ја нарекуваме интелектуална сопственост има многу високи вредности во ризницата на современата македонска култура. Од овој аспект и јас имам убедување и мислам дека терминот интелектуална сопственост е поширок од колку авторски и сродни права бидејќи овој термин ги покрива и авторските и сродните права, ја покрива и индустриската сопственост. Значи, интелектуалната сопственост е поширок термин и во овој контекст сакам да ве интригирам односно и носителите и предлагачите, авторите на овој закон да размислат околу еден поширок

проект со кој би ја покриле оваа материја, иако со законот за индустриската сопственост и оформувањето на Заводот за индустриска сопственост направивме први чекори во меѓународните организации, како што беше спомнато меѓутоа во оваа работа со учество на Министерството за развој, Министерството за култура, а можеби и Министерството за наука би обликувале еден поцелосен закон кој би ја покрил целокупната материја на интелектуалната сопственост и би обликувале еден завод за интелектуална сопственост на РМ, кој би бил многу компатибилен за приклучуваше во адекватните и релевантни светски меѓународни организации што ја третираат материјата од оваа област.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Љубомир Чадиковски.

**ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, со двајцата дискутанти пред мене точно се потврдува една констатација дека разговараме за две различни работи. Почитуваниот колега зборува за индустриска сопственост, а денес го разгледуваме Законот за авторско право и сродните права. Воедно одговарам и на мојот колега Соколовски. Тоа се две различни работи авторското право и индустриската сопственост. Не се согласувам со мојот колега тоа да биде под заводот бидејќи веднаш ме асоцира на оној закон за сметководство со оние двоења, каде ќе биде ова, каде ќе биде она. Ова е многу поспецифична работа, каде што индустриската сопственост со моментот на заверката на тоа што се дава од тој момент почнува да тече тоа право. Авторското право тече од моментот на создавањето и без разлика дали авторот ќе го пријави тоа или нема да го пријави. Авторот на библијата не се знае, а ја заштитува авторското право. Не е точно дека Светската организација се залага за формирање  на единствена

институција. Тоа не е точно затоа што таа организација само констатира дека во земјите членки постои различна практика по тоа прашање. Постојат земји каде се формирани единствени државни органи за оваа цел , но постојат земји , во не помал број од претходните, каде оваа проблематика се следи во различни државни органи, со оглед на различната природа на овие видови права.

Сакам да кажам дека не значи дека ќе биде многу поевтино ако биде под една капа под тој Завод за индустриска сопственост. По многу нешта е природен тек тоа да си остане каде што е во Министерството за култура. Самото авторско право и сродните права по творечкиот чин доаѓаат на контрола или разработка и дополнување за заштита на тие права, а индустриската сопственост да ја оставиме на страна, без да се намалува таа вредност како што рече и колегата пратеник, но денес разговараме за авторското право кое во овој однос, во овој момент е еден многу солиден закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Владимир Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Бидејќи бев спомнат, должен сум една мала реплика на мојот почитуван колега г-динот Чадиковски.

Се согласувам дека авторските права и индустриските заштити имаат некоја различитост, меѓутоа имаат и голема имплементирност односно корелација и заедништво, еве од кој аспект. Библијата што ја спомна некој ја печател, што значи дека таа фирма што ја печатела и што ставила жиг на таа книга е сопственик односно го заштитува тој производ, бидејќи таа институција која ја издала таа книга стои зад неа и секаков плагијат практично значи прекршување права на тој производ кој некој го произвел односно оформил. Тоа се однесува и во контекст на компјутерските програми, ЦД дисковите, аудиокасетите, значи авторот кој

го создал делото морал индустриски да го продуцира, значи мора некаде да оди да го печати, сними итн. што значи тоа се имплементирани права кои не се делени и не случајно во светот се нарекуваат права на интелектуална сопственост и не случајно во рамките на ОН постои институција наречена "ВАЈПО", тоа е организација што се занимава исклучиво со правата и од аспект на неговото создавање и од аспект на неговата продукција се разбира преку неговата заштита на производот. Токму затоа сметам дека треба во оваа втора фаза да се зема предвид и овие организациски аспекти и сметам дека постојниот завод за индустриска заштита треба да се смени со ново име како Завод за заштита на интелектуална сопственост, кој ќе ги инкорпорира односно ќе ги соедини овие две работи, значи авторското право и индустриската заштита.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова е прва фаза од донесувањето на законот предлагачите ќе го проучат. Аргументите ги кажавте, па предлагачот ќе ги има.

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, му давам збор на г-динот министер Ешреф Алиу.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, Министерството за култура на РМ по одлука на Владата на РМ доби задача да го подготви Предлогот на законот за авторското право и сродните права и тоа се обиде таа задача компетентно и квалитетно да ја заврши. Проблемот кој уште на почетокот се наметна или се сака да се актуализира не е материја на овој закон. Тоа е проблем кој може да се реши надвор од законот т.е. со една одлука на Владата, кој орган или која институција ќе биде задолжена да ја води грижата, тоа ќе биде под

една капа или ќе бидат под две министерства, ќе се вика тоа и понатаму Закон за индустриската сопственост или тоа ќе биде Завод за интелектуална сопственост. Битно е да констатираме дека на почетокот, првиот закон на првата институција веќе постои. Владата на РМ донесе одлука свесна за недостатокот на втората празнина т.е. вториот закон и чинам дека со тоа треба и да престанеме да се надмудруваме воопшто оти нема потреба.

Од оваа говорница ви ветувам и ви кажувам дека најмалку чувствувам потреба јас како министер и моите соработници да бараат некое туторство над овој закон. Битно е да има добар закон, битно е целта да се постигне, творецот да се обезбеди, неговите слободи да се осигураат, неговите права да се обезбедат. Кој понатаму за тоа ќе се грижи тоа може да биде материја која ќе се реши во една одлука. Јас би ве замолил вашиот натамошен ангажман да биде сконцентриран во правец на материјата која се регулира, вашата желба и определба да му се помогне на вистинскиот творец да ги оствари своите права и таа можност интелектуално нешто да создаде, општеството да му овозможи тоа да му биде обезбедено што побезболно да има гаранции да ги ужива слободите и ништо повеќе од тоа впрочем нема во овој многу важен и многу комплексен закон.

Затоа, јас ќе почнам малку од моментот на осамостојувањето на Република Македонија. Владата на РМ по основ на сукцесија со Декларацијата од 20.07.1993 година ги прифати обврските што произлегуваат од конвенциите од областа на интелектуалната сопственост, меѓу кои Конвенцијата за основање на Светската организација на интелектуалната сопственост и Бермската конвенција. Во месец јуни 1995 година, Владата на РМ донесе акт, заклучок Министерството за надворешни работи да подготви акт за нотификација на конвенциите на УНЕСКО од страна на РМ што се ратификувани од поранешна СФРЈ.

Согласно самостојната и суверена положба на РМ и интенцијата за вклучување во меѓународните интеграции, а врз основа на општоприфатените начела на меѓународното право, Собранието на РМ донесе низа одлуки во овој правец, како што се: Одлуката за стапување на РМ во членство на Советот на Европа, Одлуката за пристапување на РМ во членство кон Општата спогодба за трговија и царина ГАТ и Одлука за поднесување барање на стапување на РМ во членството на Светската трговска организација ФТО. Материјата ОЕ областа на авторското право е регулирана со постојниот закон за авторско право, преземен како сојузен пропис од поранешна СФРЈ што од аспект на реализација на обврските од Светската конвенција, Бернската конвенција, Сателитската конвенција и делумно Римската конвенција претставува солидна правна основа за остварување и заштита на авторското право и дел од областа на сродните права, што се однесува на уметниците изведувачи.

Меѓутоа, исклучително брзиот технолошки развој во областа на телекомуникациите, репрогравските и други репродуктивни техники, и покрај тоа што овозможуваат поголема достапност на авторските дела до корисниците, предизвикуваат и нови форми на кршење и злоупотреба на авторското право, а особено на правата на уметниците изведувачи, произведувачите на фотограми и организациите за радиодифузија т.е. сродните права. Сама по себе материјата од областа на авторското право и сродните права во Европа и светот станува се позначајна и поактуелна, заради што се спроведува широка реформа на меѓународното регионалното и националното законодавство.

Потоа, во рамките на документот на ГАТ при таканаречената Уругвајска рунда на преговори од 1994 година, во Мара Кеш е потпишан трипс договорот со кој на меѓународно ниво се предвидуваат одредби за заштита на правата од интелектуалната сопственост чиј дел се авторското право и сродните права како и мерките и инструментите

против кршењето на правата, како што спомна и г-динот така наречено пиратство.

Исто така, Европската заедница интензивно се занима со оваа проблематика, за што се изготвени неколку директиви и тоа за компјутерските програми, правото на наем, правото на позајмување и за определени сродни права во областа на интелектуалната сопственост. Координирањето на определени правила што се однесуваат на авторското право и сродните права и се применуваат во сателитското емитување и кабловската ретрансмисија, и усогласувањето на рокот за заштита на авторското право и определени сродни права. Воедно, во рамките на светската организација за интелектуална сопственост во завршна фаза се активностите за утврдување нов протокол на Бернската конвенција а едновремено во тек се и активностите за утврдување на инструментот за заштита на правата на изведувачите и произведувачите на фонограми. Иако РМ не е членка на Европската унија и Светската трговска организација, а со тоа и нивните документи не предизвикуваат правни обврски за Републиката, во новиот закон за авторско право и сродните права се предлага покрај нужното осовременување и усогласување на текстот од аспект на нивниот општествено политички и економски систем, а во рамките на нотифицираните меѓународни конвенции, согласно изразената волја на РМ во цитираните одлуки да се вградат и одредби од наведените документи, од причина што тоа претставува услов за нејзино зачленуваат во овие интеграциони организации. Со тоа се предлага законот да ја регулира и материјата за сродните права, со што ќе се добие целосен систем за вкупно и ефикасно третирање на оваа област на интелектуалната сопственост.

**ЕШРЕФ АЛИУ**: (Продолжение)

Постојниот закон ги не#а предвид, или многу малку ги обработува новите видови и содржини на творештвото. Се мисли на законот кој го наследивме од бившата СФРЈ. И затоа не може да им обезбеди задоволителна заштита на авторите. Во оваа група се вбројуваат компјутерските програми, базите на податоци, видеограмите, фонограмите, радио и ТВ емисии и друго. Законот се заснива меѓу другите и на принципи на друг општествено - политички и економски систем. Тоа беше самоуправно општество, само да ве потсетам. Непотполно, или погрешно регулирање на некои авторски права како што се правото на прво објавување, правото на спротивставување на промената на делото, правото на откажување и слично, недефинирање на редица материјални права како правото на репродукција и дистрибуција и други, и непотполно, или погрешно регулирање на другите права како правото на членство, правото на цитирање, правото на парично надоместување на неимотна штета и друго. Постојниот закон не ги познава правото на дистрибуција, правото на давање под наем, правото на кабловска трансмисија, правото на пристап. Постојниот закон не ги регулира односите помеѓу авторското право и сопственичкото право. Постојниот закон не регулира некои сродни права освен делумно прават на уметниците изведувачи ми се чини, како правата на произведувачите на фонограми, правата на филмските продуценти, правата на организациите за радио дифузија како и некои нови видови издаваштво. Недоволно и несоодветно го регулира колективното остварување на авторското право и другите права, не гарантира систем на надзор и доставување податоци за користење на авторските дела, не овозможува ефикасна граѓанска правно,кривично правна и управно - правна заштита на авторите и друго. Меѓу основните начела на законот

особено би ги истакнал следните: поттикнување, помагање и штитење на развојот на културата, уметноста и науката. Гарантирање на слободата на научно уметничко и други видови творештва, гарантирање на правата што произлегуваат од уметничкото, научното и друг вид творештво независно од полот, расата, боја на кожа, националното, социјално потекло, јазично изразување, политичко и верско верување, имотно и општествена положба и друго. Гарантирање на правото на сопственоста и правото на наследување. Одземање или ограничување на сопственоста и правата што произлегуваат од неа во случаи определени со закон за што се гарантира праведен надомест не помал од пазарната вредност, остварување на правото на граѓанинот на заштита на слободите и правата утврдени со Уставот, пред судовите и пред Уставниот суд на Република Македонија во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност, уживање слободи и права на странците во Република Македонија гарантирани со Уставот под услови утврдени со закон и меѓународни договори. Цели што треба да се постигнат со предложениот закон. Да се воведат и регулираат некои нови авторски и сродни права што ќе бидат усогласени со директивите на Европската унија и меѓународните конвенции и соодветно на законодавствата на повеќе пред се европски држави, остварувањето и заштитата на авторското право и сродните права да се усогласи со новиот општествено - политички економски систем, да се отстрани непотполното и некаде нејасно дефинирање и регулирање на авторското право, да се обезбеди заштита на носечкиот творечки, а воедно и најчувствителниот дел на општеството, да се утврди правна основа за ефикасно остварување и заштита на авторското право и сродните права. На авторите и на носителите на сродните права да им се гарантираат

соодветни приходи од творештвото или од вршењето други дејности што произлегуваат од авторското право, да се елиминираат исклучоци односно дискриминација по било кој основ и да се поттикне и развие културното, научното, уметничкото и друго творештво како и дејностите што произлегуваат од остварувањето на авторското право и сродните права.

Предложениот закон има за цел да ги регулира односите во областа на авторското право и сродните права согласно новите тенденции во Европа, но и во светот. Творештвото не би смеело да биде предмет на паушална оценка и на доброволен паушален третман а третманот деклариран со предложениот закон особено со построгата заштита се придонесе и кон промена на менталитетот како на самите автори и носители на сродни права спрема своите дела,односно изведби и предмети на авторски дела така и на нивните корисници. Со предложениот закон постојните здруженија на автори со колективно остварување на авторските права ќе мораат да ја приспособат својата досегашна организација и работа согласно новите одредби, да донесат статут и други акти и да покренат постапка за добивање на соодветни дозволи. За кршење на правата, посебно за пиратството ќе бидат предвидени построги санкции зошто освен кривични дела и прекршоци се предлагаат и граѓански И' правни мерки. Потребно е заедно со постапката за донесување на овој закон поведување и постапка за нотификација и ратификација на следните меѓународни конвенции. Меѓу народната конвенција за заштита на уметниците изведувачи произведувачите на фонограми и организациите за радио дифузија римска конвенција1961 година, со тоа што се предлага да се направи резервација за плаќање надомест за јавно соопштување на фонограми на странски произведувачи и конвенцијата за заштита на

произведувачите на фоно- грами од недозволена репродукција на нивните фонограми. Предлог за донесување на закон за авторско право и сродните права е изработен со стручни лица и претставници на организации и заедници од областа на авторското право и сродните права и е усогласен со надлежните државни органи и служби. Воедно се прифатени и сугестии од институции, поединци и творци. Нацрт законот ќе биде доставен на експертиза во светската организација при ОН и Советот на Европа

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот н на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот аз донесување закон за авторското право и сродните права

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон со што ќе ги унапреди предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела, забелешките на пратеникот Владимир Соколовски како и предлозите н мислењата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела забелешките на пратеникот Владимир Соколовски, како и предлозите и мислењата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достават до Владата на Република Македонија и до Министерството за култура.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

(62 пратеници).

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точката 6** - Предлог за донесување на закон за царинска тарифа.

Предлогот за донесување на законот, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги, овој закон е еден од поважните закони иако секој закон си има своја важност, но сметам исто така дека и овој закон ќе треба да оди во три фази затоа што овој закон претставува стратегија на секоја една држава и често пати можеме да го споредиме рамноправен со она што значи безбедност на една држава. Во еден ваков закон кој што за нас како самостојна држава особено ќе биде многу потребен и на кој што е пријдено до сета сериозност за кое што зборува и обемниот материјал кој што не е одвишен, напротив овозможува во тоа да се изнајдат сите оние стратешки определби кои што законодавецот ги имал пред себе. За таа цел овој закон има полна поддршка од сите субјекти особено од стопанствениците и стопанството и можам со задоволство да кажам дека и на Комисијата за стопанство по една многу обемна конструктивна, рационална и пред се оптимист дискусија беа изнесени многу конкретни и корисни ставови на кои што јас не би се навраќал, воопшто не би дискутирал за тоа дека овој закон обавезно ќе мора да оди во три фази

затоа што ќе претставува база, и основа на нашиот иден развој и стратегија на нашите односи со сето она што пред малку го именува и почитуваниот министер, затоа што многу од овие наши членувања од ГАТ, ЕФТА, барањето за приклучување кон европската унија и сето она што значи меѓународен промет и трговија практично треба да бидат содржани како идна стратегија. Зошто го повторувам зборот стратегија. Затоа што царинската тарифа значи многу повеќе од парцијални и катадневни интереси. Царинска тарифа честопати ќе значи и политика во однос на одредени држави региони, заедници, асоцијации и во тој смисол сметам дека царинската тарифа ќе претставува само една основа, една база, а сите овие други прашања ќе се решаваат понатаму со можностите кои што ги даваат другите институти познати како контингент, преференцијали, прелевмани, слободен увоз и се она што значи водење на една стратегија. Овде само би укажал на неколку моменти кои што се карактеристични во овој предлог на царинска тарифа, а тоа е дека внимателно е водено да не се пресликаат состојбите од поранешниот закон кој што го користевме во СФРЈ затоа што сите знаеме добро дека во таа држава често пати одредени региони и републики во тој закон ги вградуваа своите интереси. Практично сега ние можеме од сето тоа да извлечеме едно драгоцено искуство имаме веќе едно искуство на самостојно живеење и мислам дека нашиот придонес кон предлагачите на овој закон точно ќе треба да се состои во укажувањето на се она што денеска е неопходно и потребно за развојот на нашето стопанство и неговата позиција во рамките на светската економија. Особено во сето ова ќе бидат значајни сите оние агрегати, сите оние ресурси кои што на некој начин значат увоз заради интензивен или зголемен извоз. Евидентно е дека во оваа наша држава со еден многу мал пазар  извозот мора да биде наша секојдневна грижа и во тој

поглед сметам дека ќе треба Министерството за финансии да размисли многу повеќе за сугестиите кои што ќе ги даваат сите стопански субјекти, сугестиите кои што верувам ќе ги дадат соодветните асоцијации на стопанската комора и сите други чинители почитувајќи ги дури мислењата и на граѓаните кои што се најголем потрошувач на оној дел кој што го викаме јавна потрошувачка, или стока аз широка потрошувачка- Го спомнав Министерството за да сите овие сугестии кој што ќе бидат во најголем дел корисни ги прифаќа, размислува за да не ни се случи како ова денеска кога само по три месеци донесен закон за данок на производи и услуги да вршиме интервенции, да вршиме измени. Затоа ве молам со должен респект кон сето она што како стопанство ќе го изнесуваме особено она што значат масовно производство, она што значи извоз, она што се наши ресурси ќе мора да се штитат сигурно. Инаку морам да искажам задоволство дека образложението е прекрасно, многу сеопфатно дадено по позиции, по тарифни броеви и се така што сметам дека дадена е една подлога, даден е еден материјал кој што ќе треба да ја добие својата завршница во втората и третата фаза да не останам должен на она што значат суровини кои што ние ги немаме во нашата држава како што се памукот, волната, она што значат рударски машини, она што значи тешка механизација и друго, да не зборувам за воздухоплови и тн. мора да имаат еден рационален и разумен третман. Исто така мора да имаат посебен третман, мора да ги споменеме да не се сфати дека не мислиме за потребите на граѓаните прашањето на царинската тарифа за автомобилите. Тука ќе дадам конкретно и свое лично мислење дека треба да остане таква каква што е, иако е добро нагласено таму дека ние нема што да штитиме во тој дел, но дека тоа е

фискална мерка, но сметам дека таа фискална мерка со полн респект кон Министерството за финансии кое што треба најповеќе да мисли за Буџетот за неговото пополнување, за неговата приходна страна. Но сметам дека да не направиме честопати во тие категории со такви брзи интервенции е дури и штета да ни се врати како бумеранг да со помал обем, да со помал промет, да со помал увоз практично очекуваните вредности да бидат честопати помали од оние кои што би биле реални. Оставам да се подразмисли за овие многу важни позиции. Морам исто така да истакнам задоволство од третманот на енергенсите особено на индустрискиот гас, гасовод сега имаме во државата, неговата потрошувачка е блиндирана. Според тоа сметам дека тука мора максимум да се создадат услови и во поглед на неговото користење и во поглед на адаптацијата на стопанството и другите потрошувачи и во поглед на опремата за оваа адаптација затоа што во овој момент верувајте потрошувачите не се стимулирани, ниту се заинтересирани наместо мазут, нафта и други енергенси користат гас. Мислам дека тоа ќе биде трагична судбина ако таа инвестиција, како многу други инвестиции остане да не се користи. Во сето ова сметам дека Стопанската комора ќе ги следи сите овие наши ангажирања. Тука има стопанственици кои што членуваат и во Стопанската комора. Ние имаме свои претставници, така што мислам дека овој закон ќе биде од огромно значење за понатамошната наша позиција во светската трговија и низ призмата на наша позиција и низ призмата на нашиот развој, а сите сакаме зголемено производство заради пласман, не зголемено производство само заради податоци, заради статистика, а да тоа производство ни стои.

**ЈОВАН ЛАЗАРЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Го поддржувам Предлогот за донесување на закон за царинската тарифа кој е подготвен според европски стандарди за царина иако не по висината на царинските стапки тој во овој момент целосно е усогласен во поглед на номенклатурата со заедничката царинска тарифа на Европската унија. Со набавката на компјутерската мрежа и соодветна програма за неа ќе се овозможи лесно следење на целокупната стока која влегува и излегува во Државата.

Царината покрај заштитната улога на домашното производство треба да има и функција на развој на домашното производство и мислам дека со овој предлог веќе и тоа ќе го оствари. Така, сега се предвидени многу царински стапки или слободен увоз на суровини, а готовите производи има повисоки стапки. Во тој поглед не ми е јасно една стапка која што во јавноста предизвика голем интерес, а тоа е тарифата за увоз на патнички возила. Со неа е предвидено зголемување на царината од 11 на 20%, а за стари возила на 23%. Од кој причини?

Ние немаме производство на автомобили, значи немаме кого да штитиме. Ако преку тоа гледаме можност да го наполниме државниот Буџет мислам дека математиката е погрешна и може да доведе до спротивен ефект бидејќи ќе се намали куповната моќ нагло ќе падне увозот на коли и ефектот ќе биде многу помал отколку што е сега. Тоа од друга страна ќе го зголеми бројот на старите возила кои ќе се возат по нашите патишта а исто така ќе се зголеми опасноста.

При увозот на патнички возила царината не треба да се гледа изолирано и одвоено во однос на данокот на промет. Таа треба се гледа

во блок, заеднички бидејќи двете стапки одат во државниот буџет. Така сегашната стапка од 11% царина и 25% данок изнесува вкупно 38,9% давачка што е доволно и е се уште високо, така да мислам дека во никој случај не треба да се зголемува. Доколку царината биде 20% и 25% данок тоа изнесува равно 50% вкупни давачки за возилата. Тоа е една голема стапка која што е нереална во овој момент. Ние имавме долги години така, па увидовме, и претходниот состав на Собранието ја увиде таа грешка па воведе една ставка од 5% која потоа се коригира на 10 односно 11%, со 1% евиденција.

Од тие причини предлагам во наредната фаза на законот Владата да предложи намалување на сегашната стапка бидејќи заедно со данокот на промет од 25% ќе биде доволно компензација за државата.

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Прво имам една забелешка дека ова е еден од клучните закони за кој смета дека треба да има поголемо присуство и поголема одговорност на сите пратеници, бидејќи оваа е еден од стратешките закони кој треба да го заокружи целиот стопански систем и развојниот систем на државата. Затоа во моето излагање уште во почетокот би кажал дека мислам да е добро што предлагачот во право време го предлага, кога и експертската група на Македонија ќе изготви уште една долгорочна економска програма за развојот и видувањето преку Академијата на науки за развојот на Македонија. Наспроти претходните дискутанти кои можеби го гледаат и интересот од јавноста, кои се загрижени дали ќе се покачи царината на колите или ќе се намали, јас ќе дискутирам како стопанственик и

визионер и како пратеник кој што треба да го даде гласот за заокружување на една законска регулатива на заокружување покрај монетарно кредитната политика и царинската тарифа која смета дека има приоритет во однос на сите останати закони, бидејќи таа го регулира и односот на фискалниот дел на државата, каде што имам една забелешка уште од почетокот на предлагачот, затоа што преку предложената тарифа даде дека приоритет е собирањето на буџетските средства иако има драстично намалување кое привидно е прикажано за мене како стопанственик, бидејќи јас сметам дека од овој царински тарифник пред се треба да се даде развојниот дел на државата. Тоа значи дека намалувањето на царините и давачките за рестартирање на нашата индустрија. Особено тоа го поткрепува во еден мал сегмент со ослободување на сите царински давачки за енергенците и дериватите. Но, мислам дека е недоволно за една држава како што е Македонија, која гради стратегија, каде што има неработени околу 300 илјади, каде што има застарена технологија и затоа што сметам дека предлагачот треба по целосно да навлези во тие сегменти за ослободување и на репроматеријалите, за ослободување на увозот на машини заради модернизација и фаќање на чекор кон европските приклучоци заради конкурентноста на државата.

Тука некој дискутанти кажаа дека имаме драстично намалување што јас не се согласувам бидејќи во едно вакво истоштено стопанство предлагачот мора да сфати дека треба да се откаже од својот фискален дел и затоа предлагам, бидејќи е прва фаза нема да навлегувам во сегментите и тарифните броеви, затоа што токму заради таквите досегашни процедури на кои чекавме постојано да се усогласиме и секој ги гледавме нашите упади на одредени сегменти. Тоа се случуваше и во минатото и тоа ни даде еден лош показател и затоа мислам дека предлагачот изготви еден целосен и комплетен тарифник.

Исто така, сметам дека преку оживување на стопанството со тој дел што ќе се одречеше од оние 5% бидејќи се гледа веднаш кога ќе го погледнеме тарифникот дека предлагачот зазема една стратегија, некаде до 5% ги става репроматеријалите и машини и се што е предвидено во тој дел како развој.

Во полуфабрикатите зазема еден свој курс и критериум, дали е исправен или не ќе видиме во втората фаза по деталните расправи, зазема стапка некаде до 13% што за мене исто така преставува неприфатлив дел и крајниот дел е делот на широката и луксузна стока за која што сметам дека тука и не доволно ги заштитува при стопанството, бидејќи секаде во светот тие се најригорозно и оцаринети и оданочени.

Посебно сакам да нагласам дека сум задоволен од целиот хаос кој што постои во земјоделието и целата рашумијада. Предлагачот зазема една убава позиција за заштита на земјоделското производство со сите стимулации што ги предвидува. Но, и тука паѓа во очи дека повторно се служиме со светските организации веројатно сакаме да се додвориме на сите тие светски организации без да предвиди дека го запоставува земјоделската структура како што е оризот и таму предвидува слободен и либерален увоз иако знаеме дека тоа е една култура која што во земјоделството е многу важна. Мислам дека и тие такви слабости во втората фаза ќе се надминат. Затоа би сакал да сугерирам како и претходните дискутанти царинскиот тарифник задолжително да се гледа во групациите на Стопанската комора и да оди во три фази, бидејќи овде се одлучува за стратегијата на државата а не сакам да дојдеме во ситуација да бидеме во некој расчекор и од онаа стратешка определба што ќе ја изготват економистите и која што ќе ја приложат како академија на наука за развој.

**ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Со оглед дека досега царинската стапка беше пропишана со поранешниот закон од бивша СФРЈ добро е што предлагаме еден нов закон. Овој нов предлог на закон во основа предлага царини кои воглавно во голема мера го заштитуваат домашното производство но исто така има и некои пропусти што сметам дека преку нашите сугестии ќе бидат вградени за втората фаза затоа што познато е дека овој закон ќе оди во три фази. Јас давам поддршка да оди во три фази затоа што со тоа се овозможува овој закон да помине и во Стопанската комора каде што нашите стопанственици ќе си го кажат своето мислење.

Конкретно имам забелешки на некои од тарифните броеви каде што е застапена земјоделската механизација.

Имено, добро е што земјоделските трактори се ослободени од царина, но не можам да се согласам со предвидената царина на машините за берба, жетва и вршидба односно комбајните, каде што не би требало да се направи некоја поголема разлика со земјоделските трактори, бидејќи и едните и другите немаме домашно производство и нема што да штитиме.

Исто така имам забелешка на царината која е предвидена кај балирачките за слама и сено, потоа косачките, растурачите на минерални ѓубрива, сеалките, машините за култивирање и тренирачнте. Сите овие спаѓаат во поттаривниот број 84-32 и тука мислам дека за втората фаза треба да се има предвид бидејќи ова како аргумент уште еден е тоа што во нашата Држава знаеме со какви проблеми се среќаваме, на пример околу комбајните со растурот на тие комбајни. Комбајните кај нас се стари во просек. повеќе од 12 и 15 години.

Знаеме исто така дека секоја година формираме посебна комисија за да ги следи состојбите околу растурот, а тоа носи големи штети. Оттаму смета дека навистина има големо оправдуваше за овие споменати земјоделски машини, покрај тракторите бидат ослободени од царина. Воглавно добро е што се носи вој закон и го поддржува со тоа што во наредните две фази мислам дека ќе се исправат овие грешки што се направени уште во почетокот.

**ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Вака предложениот Предлог закон за царинските тарифи во рудниците ги зголемува стапките за околу 12% што мислам дека не е мала работа. Некои позиции на кои и според досегашниот закон имавме аргументирани забелешки нешто да бидат намалени се предлага да има нивно зголемување.

По изготвувањето на текстот недостасуваат стручни имиња на некои материјали, неквалитетно преведени и доста нејасни па ќе се случува тоа што и досега се случуваше - недоразбирање со царинските службеници за тоа што е алат, материјал, суровина или опрема.

Во членот 53 од Законот за царини постоеа во однос на Предлогот одредени поволности за опремата и суровините кои се користат во рударството, но со донесувањето на овој закон него вата важност престанува. Веројатно и знаете ние досега бидејќи работевме повеќе со Србија сето тоа што ќе се увезува оттаму подлежи на царинење и тоа е додатно оптеретување за производството.

Конкретно забелешките се следните, тоа е во консултации со рудниците Злетово, Тораница на одредени позиции .

Под тарифниот број 27 - 10, тоа се од 014 до 016, маслата кои се

користат за машините се предлага зголемување за 10%. Ние предлагаме не повеќе од 2%.

За флотациите што се употребува амониум флорит натриум и сантати и други соли, тоа се позиции од тарифен број 28 и 27 се предлага зголемување од 1 до 155. Ние мислиме дека треба да бидеме ослободени од овој данок.

Понатаму, надворешни и внатрешни гуми за дампери, вклучувајќи тука и туберес гумите, за кои и друг пат сме расправа, овде се предлага 16% односно кај внатрешните гуми 20%. Сето тоа кај нас е од увоз и ние предлагаме да бидеме ослободени.

Подготовката на експлозивите освен барутот врз база на амониум нитрети и нитроглицерини и електричните дотенатори тоа се Тарифен број 36-0201 до 36-03009 се предлага зголемување 15%

**ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ:** (продолжение)

Ние досега немавме предлагано ослободување. Ова дрво што се користи за сигурност при работата, односно подградување на просториите знаеме дека тоа во државата го имаме многу малку, се предлага 8% и ние предлагаме ослободување.

Понатаму, платно пресувани, т.е. филтерски платна се предлага зголемување 10%, досега бевме ослободени и предлагаме тоа да остане како и во досегашниот Закон. Елементи за скелиња потпирање и потпирачи во> рудниците тука предлогот се уважува, значи ослободување и тоа и ние го предлагаме. Шини за железнички колосек, тоа се врски и подложни плочки и други прачки, односно шипки со кружен напречен пресек повеќе од 80 мм под тарифен број 7302, 101 до 72, 28309, предлогот е 15%, досега се плаќаше од 0 до 3, предлагаме тоа да остане.

Кугли во преработката, односно топки за мелници се предлага од 7 до 16%. Наш предлог е да биде 0 или до 2%. Зачудува, веројатно, не учество на стручни луѓе. Се предлага алат за дупчење на карпи, земја, односно круни за рударството 16%. Јас се прашувам кога во Германија или Австрија нивниот прибор не може да се користи кај нас, кои сме ние толку способни да почнеме ние тоа да го произведуваме и се предлага 16% царина. Предлогот е да бидеме ослободени.

Бургии за рударството, исто така, предлог е 16%. Ве уверувам дека ако се седне со аргументи може да се докаже дека навистина тоа е толку тешко за изработка и за производство што треба и под овој реден број 8207113 да не се плаќа царина.

Пумпи за потиснување, запчести пумпи за хидроулика, пумпи за агресивни материјали, односно под тарифен број 8412 се предлага стапка од 16%. Наш предлог е таа да биде драстично смалена, односно 5%. Вентилатори за рударски и јамски простории со кои се овозможува заштита на околината од секакви гасови, се предлага 15%. Наше размислување е дека треба да бидат ослободени од оваа царина.

Лифтови и скипови, рударски товарни електрични лифтови, предлогот е ослободување и се сложуваме.

За експлоатациони дупчења до 100 метри, перкусиони машини за експлоатациони дупчења над 25 степени, со пречник на дупчотини над 12 см., т.е. тарифен број 8430494 до 499, се предлага 17% и мислам дека треба минимално ослободување. Ете тоа се извадоци од неколкуте забелешки кои оценка е и на досегашните наши активности овде навистина еднаш да се стави крај за поедини позиции да се најде разбирање и проблемот со царините мислам дека овој закон редно беше да се донесе и мислам дека пратениците ќе ги поддржат нашите сугестии во понатамошните фази да бидат вградени овие забелешки.

**БРАНИРОД МИХАЈЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, се наоѓаме во една од фазите на донесување на законот за царинска тарифа. Ова е навистина еден комплексен закон кој регулира или во блиска иднина треба да биде во блиски врски со економските, стопанските и финансиските состојби во Републиката. Закон кој санкционира одредени состојби во општествено - економските односи во државата, но и дава, односно треба да дава насоки на идниот развој, на  стопанскиот, односно економскиот систем во

целина. Секаде во светот, па веројатно и кај нас царинската тарифа треба да има тројна функција. Заштитна, заштита на домашното производство. Развојна функција, непосредно поврзана со првата функција која треба да овозможи развој на оние стопански гранки, односно дејности за кои се смета долгорочна стратегија на економскиот развој дека ќе треба да ги стимулираме и развиваме и секако тука е третата функција, тоа би била фискалната функција на царинскиот тарифник кој во основа би требало да овозможи понатамошен развој на оние функции кои се финансираат од Буџетот на Република Македонија. Јас, за разлика од подделни колеги овде кои претходно дискутираа околу овој предлог за донесување на законот за царинските тарифи, не го делам нивното мислење, но сметам дека сме хендикепирани со фактот што овие три функции на царинскиот тарифник не се доволно елаборирани, односно отсуствува еднакво комплексна анализа под-крепена со попратни документи од кои би се видело во колкава мера овие три функции на царинскиот тарифник доаѓаат до израз низ понудениот предлог за донесување на закон за царинската тарифа. Мене ми се чини дека е веројатно, секој од свој аспект, во дејноста кој каде работи навлегуваме во проблематиката, меѓутоа, сметам дека без присуство на еден ваков елаборат во кој овие три функции ќе дојдат до израз сме дојдени во една ситуација од дрвата да не можеме да ја видиме шумата, односно да видиме во колкава мера овој царински тарифник ги исполнува овие три функции, посебно првата и втората заштитната и развојната функција на царинскиот тарифник. Сметам дека тоа во наредните фази во втората посебно, а веројатно и во третата фаза ќе го имаме како материјал за да на некој начин тој материјал ни припомогне низ собраниската расправа да добиеме навистина еден

квалитетен закон, затоа што значењето на законот многумина пред мене го кажаа а јас не би сакал да го повторувам.

Во изминатите денови по доставувањето на предлогот за донесување на законот се обидов низ поедини разговори со стопанственици во мојата општина, односно во Битола да размениме мислења, посебно за стапките од царинскиот тарифник и нормално е да бидат искажани одредени забелешки и сугестии за дополнување на царинскиот тарифник.

Би кажал само два примери кои ги има веројатно многу повеќе и низ наредните фази на донесување на законот за царински тарифник би требало да се земат предвид за да дојдат, пред се, до израз овие две функции на тарифникот, заштитната и развојната. Едната сугестија или едниот пример да го наведам, тоа е во одделот 1, глава IV "производителите на млеко сметаат дека царинската заштита на млекото и млечните производи е недоволна", односно дека царинската ставка е недоволна да ги заштити млекопроизводителите во сегашната фаза на развој на индустријата за преработка на млеко во услови кога Македонија се сретнува со голем недостаток на млеко и млечни производи. Од друга страна, да кажам, е на нелојална конкуренција од светскиот пазар со увоз и во квалитет и во квантитет на млеко и млечни производи, кои, веројатно, не ги задоволуваат домашните стандарди. Така, овие производители на млеко сметаат дека стапката би требало да се зголеми некаде до 20%, со тоа што на некој начин би се овозможил не само развој на индустријата за млеко, туку и развој на сточарството, а веројатно ако имавме една таква анализа, еден таков елаборат за развој, од- носно економскиот и стопанскиот развој на Републиката во наредните пеж или 10 години, секако дека ќе видевме една од

компаративните предности на Република Македонија е развојот на сточарството. Така, не само што би се заштитиле млекопроизводителите од таа нелојална конкуренција, туку и би се овозможила таа втора функција, развојната функција, посебно развојот на сточарството во Република Македонија.

Или уште еден пример од графичката индустрија во оддел 10, глава 48 се предвидува царинска стапка од 15% за хромокартонот. Хромокартонот барем според нивните кажувања е суровина која во Македонија производ или полупроизвод ниту се произведува, ниту пак се смета дека ни за еден подолгорочен период ќе се произведува во Македонија. Затоа што технологијата е таква и тоа бара огромни ресурси природни, пред се, шумско богатство, шуми, а од друга страна и огромни количества на вода, што ние како Република ни едното ни другото го имаме во доволна количина, така што се смета дека такво производство на хромокартон во Републикава е невозможно буквално. Стапката која што е предвидена тука од 15% се смета дека е превисока, со оглед на тоа што реков пред се не доаѓа до израз заштитната функција, нема што да штитиме, кој производител да го штитиме, а до друга страна оваа графичка индустрија што е доста развиена во Републикава е не само ориентирана кон домашниот македонскиот пазар, туку е и ориентирана кон светскиот пазар. Најголем дел од своето производство, или поголемиот дел од своето производство пласира и на довчерашниот југословенски пазар, а и на останатите светски пазари.

Исто така, има и одредени забелешки, меѓутоа, тука не би сакал, еве вие од Министерството за финансии, царинската управа сте покомпетентни, постручни, има одредени забелешки околу таа номенклатура. На пример, кај тракторите се почнува со тие

четвороцифрени бројки до 10 или 18 киловати, па после се прави еден сосема друг преод и друга номенклатура и има за другите трактори со повисока. Или пак кај хромокартонот се смета дека, примерно, во графичката индустрија производството на хартија би требало подетална поделба да се направи се со цел да се издиференцира она што е домашно производство, она што треба да се заштитува со царинскиот тарифник од производството кое се увезува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, јас го поддржувам законот за донесување царински тарифи. Многу од колегите изрекоа за овој закон многу убави зборови што тој ги претставува за животот и работата во нашата држава, рекоа дека ќе биде база и јас би рекол дека овој закон претставува и дел од темелот во изградбата во новиот систем на нашата држава. Јас ќе зборувам нешто околу царинската тарифа и аграрот за кое што беше нешто речено, но не толку колку што треба. Ќе зборувам од причини што во изминатиот период, посебно во овие пет изминати години низ големите дупки на царинските прописи во нашава држава влегуваше се и сешто и нашиот аграр го донесовме на питачки стап. Покрај многуте стечајци што се случуваат низ н шава држава на повидок е и стечајот на земјоделските работници, на земјоделството. Не знам дали има некоја држава во овој дел на Европа од светот каде што со вакви закони не се штити сопственото земјоделско производство, не се штити од увоз на храна што се произведува во сопственото поднебје, туку се создаваат услови преку овој увоз преку ноќ да се создаваат големи богаташи во нашава држава. Минатата година пченицата ни роди многу, остана

неоткупена но затоа пак ни роди многу богаташи. Не знам дали во некоја држава законите за царинските тарифи познаваат да се врши увоз за кој што се предвидени три царински стапки. Да се врши .увоз заради понервиравме на цената на домашното производство. Да се врши увоз за да се произведе нешто што подоцна ќе се пласира на странските пазари без да се има увид колку се увезело од таа суровина и дали е извозено и како е извозено, што и кој од тоа има некој ефект. Да се врши увоз со воведување на прелевмани, а кои прелевмани досега буквално речено никој и никаде не ги плаќа.

Да ве потсетам, минатата година во нашава држава се увезени над 10 илјади вагони жито, а платени се прелевмани само за 350 вагони. Каква иронија. Или да се каже дека е увезена пченица заради мелење за извоз само во количество од 3500 тони и сметам дека ова е исто така голема лага. Во нашава држава во годината што измина како што реков се увезуваше се и сешто. Се увезуваше масло, шеќер, некој рече дека се увезуваше млеко. И понатаму се увезува. Се увезува како што реков се и сешто. Господинот Темелковски кажа дека сега со овој закон за царинските тарифи нашево земјоделство многу ќе го заштитиме од овој увоз. Јас не гледам таква заштита, или ако е веќе воведена таа ќе биде ставена само на книга, Меѓутоа на границата ќе се случува тоа што се случуваше и досега.

Јас би предложил увозот на храна во наредниве пет години во нашава држава да се стопира. Да нема никаков увоз на храна. Или тоа што ќе се увезува да се увезе откако ќе се откупи, исплати домашното производство на храна. Смешно е да се каже дека денес во нашава држава пазарите се полни со свињи, со говеда и се и сешто, па нема кој да ги купи.

Како што рекоа многу од нашиве пратеници дека овој закон, односно по него треба да се произнесе Стопанската комора, таа да ни каже што ќе работиме, каков закон ќе донесеме. Меѓутоа, јас сметам дека, сепак, овој закон треба посебно да се произнесат нашиве три министерства. Министерството за развој, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за водостопанство.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ: (**Продолжение)

Трите министерства еднаш за секогаш треба да му кажат на нашиот народ што се му треба за да се прехрани во текот на една година. Можеме ли ние да произведеме доволно жито, доволно јачмен, доволно тутун, доволно млеко, доволно месо или понатаму ќе продолжиме да ја негуваме политиката на стариот систем, кога тврдевме дека македонскиот аграр не е способен да произведе храна за сопствените трпези и ние мора да се ориентираме на увоз. Јас во една прилика реков со ваквиот увоз и со ваквиот начин на работа, ние како држава постоиме и ќе постоиме за земјоделциве од соседниве држави на Балканот. Од ние ќе го купуваме млекото, пченицата, од нив ќе земаме свињи, од нив ќе земаме месо од нив ќе земаме шеќер и се и сешто.

Сметам дека е време нашиве министерства да кажат дали нашиве 600 илјади хектари обработлива површина и некаде со една бројка од 300 илјади хектари напуштена површина можеме да произведеме доволна храна или понатаму, како што реков, бидејќи ние како Македонија не можеме да произведеме доволно храна, ќе одиме на увоз.

Денес по 3 месеци од последните пратенички прашања очекувавме дека и ние ќе направиме некои пратенички прашања, меѓутоа нашиве министри ги немаше тука. Денес ова што дискутираме освен еден министер нема кој друг да го слушне и да каже ова што бараме ние дали можеме или не можеме да произведеме, меѓутоа сметам дека од сега до донесувањето на овој закон, како што рековме ќе се носи во три фази ќе има време и министрите, јас би рекол и асоцијациите на земјоделците да се произнесат по овој закон и нивниот збор да го слушнеме кога. ќе го донесеме.

Се надевам дека нашиве министри ќе најдат време да седнат овде, на овие клупи, и што побрзо да се донесе овој закон и еднаш за секогаш да ставиме крај со она како што рече пратеникот Зоре Темелковски, хаос што е создаден во македонското земјоделство со увозот на се и сешто.

Срамота е што денес пратеникот Тиоме Стојановски не кажа дека вчера во Тетово имаше голем штрајк од млекарите затоа што никој во Тетово не го откупува млекото. Срамота е што вчера нашиве информативни средства ....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, сам ќе оцени, не да му биде срам. Ве молам, немојте така за другите да судите. Вие кажете си за себе, другите пратеници имаат право да си кажат за себе.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Или вчера да не се каже ништо, битолските земјоделци ја окупираа тука една канцеларија затоа што се уште не се платени 5 милиони од ланското производство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, можеби денешната дискусија бидејќи на Комисијата за стопанство расправавме за оваа проблематика, не треба да дискутираме, но поаѓајќи дека Предлог-законот за царински тарифи за мене претставува и те како битен фундамент, една основа за стопанството, ако не е здраво стопанството мислам дека ние не можеме државата да ја градиме. Од тој аспект, од тие причини сакам само да; побудам начелни дискусии да

размислуваме за првиот, вториот, третиот месец затоа што мислам дека по нормална постапка, во три фази ќе го усвоиме овој закон, но да не мислиме три фази дека добро ќе го обработиме, затоа мислам дека треба доста експедитивно, ефикасно, рационално и сите субјекти кои можат да дадат допринос директен и индиректен да се вклучат во тоа.

Што тоа значи. Јас мислам дека не треба да се пишува дека е тоа од доверлив карактер зошто ако овој закон за царинските тарифи треба да го реализира некој мислам дека се тоа стопанските субјекти и сите субјекти кои се вклучени во тоа. Што тоа значи? Тоа значи дека треба сите субјекти во стопанството, пред се, пред органите и телата во Стопанската комора на чело со одговорните субјекти од Владата, министри, потсекретари, заменици детал по детал да се произнесат. Што тоа значи? Ако ние рековме дека основните начела за Предлог-законот за царинска тарифа треба да бидат, јас не би го ставил само како основен извор на средства за Буџетот, туку јас би го ставил на прво место што значи овој закон, овие тарифи како фактор на развој. Што тоа значи како фактор на развој. Дали ние можеме сега со овој предлог-закон за царинските тарифи да направиме ако не директно индиректно една нова структура нешто бар еден дел да направиме на некое ново стопанство. Што тоа значи. Ако го респектирам законот може во глобала да се каже дека овој материјал што е даден од ресорното министерство и од Владата мислам дека ги содржи тие елементи но треба уште повеќе да се изострат.

Суровина која што не ја поседува Македонија не 5% треба само едно царинско евидентирање со 01% или 1% на пример или 01% и кога ќе се добие повисок степен на финализација, кога ќе оствариме повисок степен односно поголема стапка на профит, тоа се знаат кош се тие суровини што Македонија не ги поседува и не треба да ги заштитиме.

Низ увозот на суровините, значи нова дејност треба да отвориме, а ние малтане да провериме во царинската управа мали милион стотити што ги увезуваме, а кои можат со незнатни средства мали фабрички погони да се изградат во РМ, но треба на почетокот да и дадеме еден старт. Јас не би рекол за 5,10%.

Понатаму, што тоа значи кога зборуваме, а тоа значи ако имаме ние некои нови мали капацитети со увоз на суровините и во повисок степен на финализација се извезат ќе се вработат луѓето ќе се добие поголем профит а исто така и по различни основи пак ќе биде буџетот не толку полн, но ќе се полни.

Понатаму, под два, што значи заштита на сопственото стопанство. Овде почитувани пратеници некој повеќе некој помалце секојдневно работи со овие проблеми треба да кажеме кое е тоа наше квалитетно моментално и перспективно конкурентно производство. Ние не можеме една година, 5,10,15,20 или со децении некое стопанство да го заштитуваме ако е светската цена на пример 100 долара да го пласира на домашен пазар со 50 или 200 долари. Тоа не е заштита на сопственото стопанство. Заштита на сопственото стопанство со оние 10,15 максимум 25%, максимум, и тоа да се прашаме. Можеби некој ќе очекува јас да се залагам за големи стапки за заштита. Но, имаме ние производи кои на светскиот пазар коштаат многу поевтино, а на домашен пазар двапати, трипати односно 200-300%. Каде е тоа? Така да во таа смисла мислам дека држи место заштита на стопанството, а ние сме држава од 2 милиона односно од 200,300 стопански субјекти кои значат за оваа Република нешто. Некој повеќе некој помалку, меѓутоа тоа е. Да се притисне на компјутерот точно се знае што добива претпријатието од некоја дејност, што добива државата, што губи претпријатието што губи државата, ќе видиме само некои интереси, не зборувам за тесни интереси, но за интересите на претпријатија.

Што се однесува до заштита на сопственото стопанство не треба да заборавиме, ние имаме капацитети во кои се вложени милиони, милиони долари, посебно ќе бидам овде конкретен на индустријата. Еве на пример да кажам обоените метали. И претходниот дискутант колегата Здравко дискутираше за рударството, а денес се знае кои се извозници. Тоа е "Југохром", тоа е "Тораница", "Злетово", Македонска Каменица, "Фени-Мак" итн. да не ги набројувам.

Со оваа политика во законот за царински тарифи ние оваа гранка ја ставаме уште во понеповолна состојба. Кажа претходниот колега пратеник, Здравко дека со 12% е понеповолна состојба. Пример јас за неговото претпријатие, за колегата и моето, со 5 милиони долари по 12 тоа се 600 илјади долари. Тоа е една месечна плата земена од џебот на работникот, а знаеме дека градот Крива Паланка е полу мртов, живее од рударство, Пробиштип е полу мртов, Македонска Каменица се држи, зборувам како пример сега во овој сегмент за тоа. Што ние како актуелна власт, како одговорни субјекти, го кажувам примерот, правиме овие гранки да можат бар нормално да се носат со проблемите. Тоа е заштита на стопанството.

Понатаму, тоа го рече и Тантаров, за земјоделието, луѓе не можеме ние да зборуваме дека плаќаме најскапа пченица, најскап тутун, а сега за некои препарати таму има, 15,20 еве на пример основната суровина што се троши за тутунот производство голема стапка е најлумот да има 25% стапка. Кој произведува или ако произведува. Сега да се прашаме, викаме дека е најскап тутунот тука односно најскап тутун продаваме односно купуваме, а од друга страна 25%. Не е тоа тоа. Јас се прашувам овие извозници што се сега во Република Македонија и бидејќи стално се залагаме да имаме некои нестимулации непринципиелни размени и конкуренти, за две години со таква политика од ова место одговарам дека ако имаме сега 400 милиони долари нема да имаме ни 150 милиони долара извоз. Еве нека стане еден субјект.

сега што извезува, што се носат конкурентно затоа што кога ќе го оцаринат 25% зафаќања 35%, а тоа ниту Германецот ниту американецот, иста стока што произведува дали е феро-легура, цинк а ние мораме да дадеме 30% повеќе за машини, за опрема за реагенси за кугли, за вар, итн. а тоа Германецот, американецот не го прават, а кога треба на светската берза не те прашуваат колку ти се трошковите, се вика шведска цена, регистрирана, лондонска, њујоршка или циришка берза. Мислам дека одговорните во Владата, ресорните министерства за ова треба да се запрашаат, а ние не сме гломазно стопанство. Ние сме толкаво стопанство што може да се види во каква состојба се наоѓаме. Кога зборуваме за заштита на стопанството не бараме ако е светската цена таа ние да бараме тоа, туку заштита на стопанство принципиелно што тоа значи. Да се заштити извозното стопанство на РМ. Затоа помош од надвор полека полека се намалува, но оваа Република мора да имаме 700 до 800 милиони долари извоз, а да има извоз значи треба да има квалитетно производство за да живее нормално во наредниот период.

Исто така се залагам за заштита до одредени граници на земјоделието, посебно на она што вика Тантаров на пченицата итн. и понатаму не треба тоа да го толерираме, дали е скапа, дали е евтина, тутуновото производство затоа што 400 илјади луѓе живеат директно од земјоделието, од пченицата и од тутуновото производство. А, ние преку ноќ не можеме да се трансформираме и да кажеме дека можеме и без овој слој на луѓе кои живеат директно од тоа.

И, на крајот треба да ни биде буџетот. Ако имаме ние правилна заштита, затоа што се залагав за тоа ако царинските тарифи бидат тарифи за развој дури тогаш разни зафаќања ќе имаме и нормален да не речам полн буџет. Ако немаме ние конвертибилното производство извозно стопанство немаме земјоделско производство, тоа што го реков

90% во тутуновото производство е извоз, тоа е конвертибилно, каков буџет ние ќе имаме, каков буџет? Еве сега да се прашаме кој ја анализирал од најодговорните субјекти, пред година ипол дена беше 44 денари доларот, денес е 38,7 го молиме.- Зошто не го анализираме кој добил во оваа република, кој изгубил. Не зборувам сега ние да го уништиме домашното производство, само извозно, треба анализи, треба сегменти, ако не јавни така да речам оваа дејност доби толку и толку затоа што некој го остварува производството, извоз, живее од тоа па едвај преживува, а некој ја користи оваа состојба.

Јас имав доста директни забелешки, колегата Здравко и останатите колеги тоа го рекоа, веројатно на наредната седница ќе бидеме конкретни, затоа предлагам да оваа материја е доста одговорна и мислам како материјал е и те како еве, и самата грамажа, да не кажам килажа колку тежи, значи тоа, еве што значи тоа и за првпат, така, стручно се посветува, аналитички, но би од ова место апелирал да се вклучат оперативци, стручни луѓе кои го осетиле на своја кожа. Да не го оставиме само на универзитетски професори, чисто универзитетски професори затоа што човек кој не ја осетил прашината и кој не знае што тоа значи за одредена бранша, за ова што се војни воделе, ова значи некои бранши и дејности можат да бидат доле, може да бидат горе, мислам дека субјекти од стопанството, јас не сум против науката еве и универзитетските простори, мислам дека тоа треба да се спушти со еден збор на оваа материја треба да му се даде срце и душа за да функционира. Како материјал е добар, но тоа е се повеќе механички став и како став треба да се анализира.

Предлагам, кога ќе го донесеме со гласање веројатно ќе биде добро испеглан, оваа материја ни повеќе ни помалку на редовна седница на Собранието да се става ако не секои 6 месеци бар еднаш годишно да се пегла, да се види што значат тие наши законски, државни регулативи која дејност сме ја ставиле во поповолна состојба, која подоле. Дури јас

би кажал, еве и политички одлуки, ако треба некои дејности каде што има милиони, милиони долари вложен капитал, во тековното производство ќе ги ослободиме од било какви давачки, не царини, од било какви давачки да заживее, да му дадеме душа на тој работник, тој стечаен работник да има некоја надеж. А, затоа се овие наши вдади, ресорни министерства и ние како Парламент ако може да створи, да создаде проширена репродукција, ние во секој момент можеме да го ставиме во друга улога и да има други зафаќања.

Начелно, овој материјал, еве како пратеник, и одговорен субјект во стопанството го прифаќам со таа забелешка што треба експедитивно за овие три месеци на сите нивоа да слезе во секое земјоделие и индустрија и преработувачки сировини итн., да му се даде на материјалот срце и душа затоа што ова е фундамент на стопанството, на економијата, а со тоа на државата, затоа што свесни сме дека се има многу разлики, токму тие наши законски регулативи некои го ставаат во поповолна состојба,а други во понеповолна состојба.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, ова е закон кој нормално е што побудува интереси иако во вакви временски услови може и банална да биде самата расправа, факт е дека овој е закон кој долго време се најавува и кој долго време како Парламент мислиме дека треба да биде донесен. Јас се надевам дека донесувањето на овој закон до крајот на 1996 година може да биде наша реалност, се разбира во сите фази.

Она што јас би сакал да го кажам во врска со овој закон е нешто што е во врска со макроекономската политика која овој Парламент и оваа Влада ја водат веќе неколку години. Во водењето на макроекономската политика овој Парламент во неколку наврати се определи на водење на таканаречена неутрална макроекономската политика особено во некои

нејзини сегменти. Вие знаете дека пред една, две или три години ние донесовме промени или реформиравме одделни сегменти на макроекономската политика и целата макроекономска политика, се разбира како систем, даночната, монетарната, на некој начин и кредитната, она што е во надлежност на Парламентот или на Владата, меѓутоа ние напуштивме во основа една макроекономската политика која на своите сегменти се заснова на диференцираност. Значи, ние кај даночната политика и кај даночниот систем напуштивме диференцирано и пристапивме кон неутрално водење на даночната политика, а знаете дека и кај данокот на промет и кај данокот од доход ги усвоивме тие принципи кои Владата ги предлагаше, па дури и во монетарната политика како еден од сегментите на макроекономската политика воведовме таканаречена неутрална монетарна политика која ниту стимулира ниту дестимулира одделни стопански сегменти, одделни стопански дејности, гранки па дури и субјекти во своето работење да имаат корист или штета во основа од водењето на ваквите политики.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** ( Продолжение)

Значи да не набројувам што се направивме во таа насока во другите сегменти на макроекономската политика. Пред се, даночната, монетарната со укинување на селективните кредити и н. Нормално се наметнува прашањето кое треба да се изанализира во такви рамки во таква царинска политика, каков царински систем и се потребни на Република Македонија. Јас сум убеден дека царинската политика во овој момент веќе нема избор отколку да ги следи веќе усвоените делови од макроекономската политика како систем кој овој парламент ги донесе во изминативе години и во изминатата 1995 година. Значи царинскиот систем и царинската политика не може веќе да не е диференцирана и да е во корист или на штета на дејности и гранки и субјекти, туку мора да е прилично неутрална во однос на стопанските субјекти, заради тоа што ќе биде некомпатибилна со останатите делови од економската политика. Мислам дека тоа треба да се направи.

Втората работа која мислам дека е добро што Владата ни ја нуди во овој закон и без разлика на сите овие забелешки кои досега беа искажани и за кои мислам дека постои оправдување, а за кои мислам дека ние треба на некој начин да се определиме е тоа дека Македонија пристапува постапно кон воведување на таква царинска политика која може би нецелосно одговара во овој краток временски период, меѓутоа, кој нужно ќе следи кон нејзино сообразуваше со соодветните политики во Европската унија. Веќе не постои политички субјекти ни во овој парламент ни вон од него кој не мисли дека местото на Република Македонија во обединувањето на Европа е во нејзината најцврста форма на организирање, особено на економско поле, во Европската унија во првата декада на XXI век, меѓутоа, тоа придружување од наша страна бара некакви концесии и некакви усогласувања со системите кои таму

владеат, се разбира, заедно со покачувањето, односно со создавањето на другите предуслови кои не се директно врзани со системите во економскиот дел. Подобрување на продуктивноста, квалитетот на производството, конкурентноста итн. Меѓутоа, да не ширам, сакам да укажам на фактот дека нашето усогласување со соодветната политика во унијата е неминовна. Тоа што Владата во овој дел ги користи искуствата на единствената царинска политика на Европската унија во овој момент за нас треба да биде нешто што треба да го поддржиме и прифатиме, како ориентација, се разбира, со онаква флексибилност каква што е дозволена на патот на кој се определивме да одиме постапно, меѓутоа, на следен или долг рок да го усвоиме, а тоа е пристапување кон Европската Унија, не од што сме премногу заинтересирани за таа цел сама по себе, туку заради тоа што не постои друг пат за економска кооперација за Република Македонија освен тој кон унијата, затоа што очигледно дека таа унија ќе дојде на почетокот на XXI век до бројка од некаде 30-тина држави од Европа кои ќе бидат и се дефакто нај значајниот дел од нашата економска кооперација во светот. Така да мислам дека тоа треба да го имаме предвид и да ја подржиме таквата ориентација. Се разбира, дека тука треба да се изнајдат модусите, го користам терминот од материјалот, вон царинската заштита која на некој начин е сепак дел од царинската заштита, или царинскиот систем во една држава, кој во светот познава многу, десетина разни или повеќе инструменти за контрола. Де факто царинска контрола, меѓутоа контрола која се иззема и се контролира од страна на останатите заинтересирани субјекти, односно држави, разните ограничувања контингентирања, прелевмани, царински изедначувања и да не набројуваме друго. Напуштањето на ваквите политика е еден благодет меѓутоа светот, особено економскиот свет со кој постоиме е многу сложен. Веќе не постои економскиот свет на начин на кој ние го замислуваме, тој станува

до таа мера сложен да ние мораме прилагодувањето кон него да го правиме катадневно. И самите креатори на економската политика пред се Владата, мора да има инструменти да може брзо и ефикасно да се прилагоди на сите промени во светот, на пазарот кои настануваат, и мислам дека од тој аспект треба да размислиме за брзината и начинот на напуштањето на вонцаринската контрола , согласно со нашата желба и за пристапување кон Унијата и согласно со нашата желба за пристапување кон светска трговска организација и да најдеме тука флексибилност потребан за нас и доза доволна да бидеме зачленети во овие институции без кои нема да можеме економски и квалитетно да соработуваме со сите останати земји, знаејќи дека условите во овие организации и во светската трговска организација и во ГАТТ порано пред се ги наметнуваат економските моќни и богати држави на кои ние ќе мораме да се прилагодуваме. Нормално е дека ние ќе имаме сосема поинаков поглед на еден царински тарифник од аспект на заштита на нашето производство, кога ние со сопствено производство како мала држава, во апсолутна смисла на з борот учествуваме со многу мал процент од производите во номенклатурата, дали една третина или помалку. Да речеме во споредба со големите држави или со нашата претходна Југославија која сигурно над 2/3 од номенклатурата имаше сопствено производство на својата територија организирано. Ова се веќе за нас квалитетно поинакви услови. Во тој голем дел од номенклатурата за наше производство кое не постои на домашниот пазар, пред се заради ограниченоста на пазарот. Така да ние се наоѓаме де факто и Владата пред се, во услови да мора да најде баланс, во услови во кои се движи светот во оваа политика. Ние сите знаеме дека 50 години светот после Втората светска војна во сите светски институции кои се бават со таа

проблематика зборува за либерализација на трговијата во светот и за односите во светот. И после 50 години се уште сите констатираат дека либерализацијата не е доволно остварена. што значи дека многу слабо оди таа, иако сите за неа се залагаат. Ние постојано слушаме дека секоја натамошна рунда на ГАТТ, сек^ја натамошна рунда на Светската трговска организација се повеќе ги либерализира односите, меѓутоа не се доволно либерализирани и после 50 години. Сакам да укажам дека и покрај декларациите во светот либерализацијата на трговијата помеѓу државите оди на еден начин, кој пред се, ги штити домашните интереси. Ние се разбира, не можеме да се наметнуваме меѓутоа треба успешно да се прилагодуваме на тоа што се случува во светот во кој нормално сакаме да егзистираме.

Од тој аспект јас би дал поддршка на вака донесениот закон, би укажал на тоа дека тој треба да следи одделни сегменти на макроекономската политика кој веќе ги утврдивме и да биде со неутрал на позиција, да биде доволно флексибилен за да може да ги протежира нашите видувања на развојот на Република Македонија, тоа се сложени, можеби и контрадикторни, меѓутоа, мислам остварливи задачи, меѓутоа едновремено да биде компатибилен во мерка која ни обезбедува пристап во Европската Унија. Мислам дека тоа може да биде и приоритетна задача дури во оваа смисла.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Молам, службите да утврдат колку е точниот број на пратеници во салата.

Повикајте ги сите пратеници да влезат во салата.

51 пратеник има присутни во салата.

Очигледно немаме кворум. Сега не можеме да обавиме гласање. Дополнително ќе закажеме кога ќе продолжиме. Веројатно ќе биде на 24 јануари. Тогаш ќе го спроведеме гласањето.

(Седницата прекина во 18,55 часот).